# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРГОВИЈА СО ДЕЦА 2021-2022



***Подгрупа за борба против трговија со деца***

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

Влада на Република Северна Македонија
**Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**
Подгрупа за борба против трговија со луѓе

ЕУ со ТЕБЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРГОВИЈА СО ДЕЦА 2021-2022

Подгрупа за борба против трговија со деца

ноември 2023

Овој извештај е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешна насока во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, 2023”.

Сите други барања во врска со репродукцијата/преведувањето на целиот дел од документот, треба да се упатат до Дирекцијата за комуникации, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со овој документ треба да биде упатена до Дирекцијата за комуникации, Avenue de l’Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

Сите фотографии: Shutterstock

© Совет на Европа, ноември, 2023. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови

# СОДРЖИНА

Вовед ....................................................................................4
1.ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ РАТИФИКУВАНИ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.................................6
2.НАЦИОНАЛНА ЗАКОНДАВНО-ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ТРГОВИЈА СО ДЕЦА..........................11
3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ .............21
3.1 Преглед на реализираните активности за 2021-2022 предвидени согласно Оперативниот план на Подгрупата, според стратешките цели. ..................................................25
4. РИЗИК ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОЈАВАТА НА ТРГОВИЈА СО ДЕЦА ..........................................................................40
5.ТРЕНДОВИ И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА ..................................................47
6.СТУДИИ НА СЛУЧАЈ ........................................................................48
7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..........................................................51
АНЕКСИ:..........................................................................................53

## Вовед

Трговијата со луѓе, (ТЛ) и особено трговија со деца (ТД) се комплексна и динамична општествено негативна појава, присутна во сите држави како и во Северна Македонија. Државите вложуваат напори и се залагаат за сеопфатен пристап и примена на ефективни мерки за спречување и контрола на трговија со деца, казнување на сторителите и препознавање, заштита и самозаштита на децата жртви од овој криминал.

Почитувањето на детските права е висок приоритет на нашата држава, за чија заштита значајна улога во контекст на борбата против трговијата со деца има операционализација на специфичните цели предвидени во Националната стратегија, особено, дефинирање на одговорностите и распоредот на активностите, изворните планови и буџетот. Од витално значење за ефикасна и одржлива координација на борбата против трговијата со деца, е постоење на детален план на потребните ресурси, односно, финансиски средства, човечки ресурси и имот, услуги и опрема. Значаен е и мултисекторскиот пристап на институциите, меѓународните организации и здруженија на граѓани (ЗГ) кои се застапуваат за превенција и заштитата на децата жртви и претставуваат заеднички општествен интерес и обврска на задолжените чинители.

Извештајот на Подгрупата за борба против трговија со деца, е конципиран согласно Стратегијата и стратешките цели од Националниот акцискиот план за борба против трговија со деца,(НАПБПТД) т.е Оперативниот план за период 2021-2022г како и Деловникот на Подгрупата за начините и принципите на работа на Подгрупата за борба против трговија со деца (Подгрупа).

Целта на Извештајот е согледување на степенот на постигнувањата на предвидените и реализираните цели, и нереализирани активности во референтниот период, како и ефектите од преземените мерки во однос на заштитата на децата жртви на трговија со луѓе од сите видови на експлоатација.

Извештајот ги идентификува областите во кои треба да се вложат поголеми напори за да се обезбеди ефективен одговор и дизајнирање на активностите за нивно остварување на целите и резултатите, давајќи препораки за следниот циклус на реализации кои треба да претставуваат основ за новиот Оперативен план за 2023-2025 година. Целта е подобрување на статусот и остварување на најдобриот интерес на детето, земајќи ги во предвид различните потреби и приоритети како на момчињата така и на девојчињата.

Како и трговијата со луѓе и трговијата со деца спаѓа во групата на родово-базирани насилства. Оттаму родовата димензија

на трговијата со деца е силно потенцирана во извештајот и секаде каде е возможно податоците се сегрегирани по пол.

Овој извештај е конципиран во седум дела. Во првиот дел направен е преглед на обврски од меѓународни документи ратификувани од Северна Македонија, по што следува националната законодавно-правна и институционална рамка за справување со трговија со деца, во која се дава осврт на законите, стратешките документи и институционалната рамка. Следниот дел се однесува на анализа на состојбата и статистички податоци, потоа е направен преглед на реализирани активности од Оперативниот план за 2021-2022 година за спроведување на Националниот акциски план за борба против трговија со деца. Во делот на ризик факторите кои влијаат на појавата на трговија со деца, дадена е анализа на прашалниците кои го одразуваат ставот и мислењето на дел од членовите на Подгрупата, со конкретни препораки. Извештајот ги нотира актуелните трендови и феноменологијата на трговија со деца. Во седмиот дел дадени се две студии на случај кои имаат свои специфичности и кои ги истакнуваат новите трендови на трговија со деца, со детектирани јаки страни и потешкотии во постапувањето. На крајот, извештајот содржи сублимирани заклучоци и препораки за унапредување, спречување на трговијата со деца како и нивна заштита.

Извештајот пред се е наменет за членовите на Подгрупата и треба да претставува насока за нивно понатамошно делување. Истиот се доставува и до Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (Н. Комисија) која треба да го има во предвид при креирањето на политиките, преземање на иницијативите и известување до носителите на одлуки во насока на креирање на политики засновани на докази. Н. Комисија преку објава на својата веб страна,[1] ќе овозможи јавност на Извештајот и достапност до пошироката јавност, како и до сите заинтересирани страни.

**Методологијата за подготовка на Извештајот опфаќа неколку фази, односно:**

Подготовката на Извештајот на Подгрупата за период 2021-2022 година е спроведена преку Матрица/Образец по стратешки цели, од Оперативниот план за спроведување на Акцискиот план за борба против трговија со деца. Образецот е користен како алатка за собирање на информации за спроведени активности при подготовка на истиот, кој беше доставен за пополнување до сите членови на Подгрупата.

[1] Nacionalnakomisija.gov.mk

На координативниот состанок на Подгрупата, на 14.06.2023 година одржан во Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџети на Министерството за труд и социјална политика, предложена е и дефинирана нова структура на Извештајот. Во неговата структура, опфатен е преглед на релевантни меѓународни документи и извештаи, национална регулатива и стратешки документи, институционална рамка и извештаи/анализи значајни за трговија со деца.[2]

За утврдување на ризик факторите од трговија со деца, на 04.07.2023 година до членовите на Подгрупата, доставен е полуструктуриран прашалник кој содржи 6 прашања, и овозможи преку одговорите на компетентните лица, добивање на информации за ризик факторите, за појава на трговија со деца. На прашалникот добиени се одговори од 6 члена.

Студиите на случај се подготвени во тесна соработка со директните даватели на услугата во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.

Од методолошки аспект, треба да се имаат во предвид ограничувањата за подготовката на Извештајот, т.е. динамиката на негова изработка, пред се на временската рамка, на која влијаеа други редовни обврски на членовите на Подгрупата како и периодот на користење на годишни одмори.

## 1.ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ РАТИФИКУВАНИ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Северна Македонија е држава членка потписник на сите релевантни правни инструменти против трговијата со луѓе. Обврските за заштита на децата, произлегуваат особено од Конвенцијата за правата на детето (1989) и Факултативниот протокол за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија (2000), Протоколот на Обединетите Нации за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, дополнувајќи ја Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал,[3] (2000) и Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (2005).



[2] **Анекс 1** - Листа на извори користени во теоретското истражување.

[3] Закон за ратификација на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ОН заедно со дополнителните протоколи, „Службен весник бр.70 од 08.10.2004 година.

**Конвенција за правата на детето на ОН**[4] е основен, комплексен и значаен документ фокусиран на најдобриот интерес на детето, ратификувана од нашата држава со што ја презема обврската за грижа за нејзино спроведување. Посветена е на промовирање и штитење на детските права, третирајќи го детето како активен субјект и насочувајќи се на неговите специфични потреби како и заштитата на сите деца во светот.



Според Конвенцијата, при секое постапување со дете, од страна на возрасен, треба да се води грижа за најдобриот интерес на детето, истакнувајќи ја нивната зависност од возрасните, нивната физичка немоќ и неискуство, што ги прави посебно чувствителна група. Секоја злоупотреба на децата со која се нарушува нивниот физички или психички интегритет претставува повреда на човековите права.

Конвенцијата бара спроведување на мерки за заштита на физичкото и психичко здравје, интересите на детето и истакнува дека секое дете ги има основните права, вклучувајќи го правото на живот, правото на сопствено име, идентитет, правото да биде одгледан/а од своите родители, и бара почитување на правото на здравствена и социјална заштита и образование. Во членот 32, се истакнува заштита на децата од економска експлоатација и работа која може да го попречи нивното образование, да штети на здравјето, менталниот, моралниот и социјалниот развој на детето, додека во членот 34, државите потписнички се обврзуваат да ги заштитат деца од сите видови на сексуално искористување и малтретирање, проституција, злоупотреба во порнографски материјали, бидејќи преставуваат област која посебно ја погодува оваа чувствителна група. Овој член тесно е поврзан со членот 35, кој се однесува на киднапирање, продажба и трговија со деца за било која цел.

Од двата факултативни протоколи донесени во 2000 година, во вториот протокол истакната е забраната за продажба на деца, детската проституција и детската порнографија.

Во 2022 година, во Женева пред **Комитетот за правата на детето** (Комитетот), Северна Македонија го презентираше Извештајот по Конвенцијата на ООН за правата на детето[5] и во однос

[4] http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf, стапи во сила 1990 година.

5 Министерство за труд и социјална политика, Заклучни согледувања за комбинираните од трети до шести периодични извештаи за Северна Македонија, Усвоен од Комитетот на неговата деведесет и прва седница (29 август – 23 септември 2022 година).https://www.mtsp.gov.mk › avgust-2022-ns_article-mi...

на двата факултативни протоколи за вклученост на деца во вооружени конфликти и за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија. При тоа истакнато е дека за унапредување на севкупната положба на децата во Северна Македонија отпочнат е процесот за повторно воспоставување на национален механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето. Во насока на намалување на детската сиромаштија, спроведена е реформа на системот на социјалната и детската заштита. Обезбедени се стипендии за учениците од ромската заедница од прва година во средните училишта. Министерството за образование и наука обезбеди 891 стипендија за средношколци Роми/Ромки за учебната 2021/2022 година (што е повеќе од 2/3 од нивниот вкупен број во Северна Македонија). Со ова се обезбедува континуит и зголемување на нивниот број во средните училишта за повеќе од 60%, со што се намалува нивното отпишување/осипување од средните училишта.

Понатаму, интензивно се работи на унапредување и зајакнување на згрижувањето преку активности насочени кон обезбедување на нови и поддршка на постојните згрижувачки семејства. Како новина во оваа област е и отворањето на три центри за поддршка на згрижувачките семејства во 2022 година, кои вршат промоција на услугата згрижување во семејство, подготовка, проценка и поддршка на постојните згрижувачки семејства со цел тие да одговорат на индивидуалните потреби на децата.

Комитетот дава генерални препораки коишто влијаат на намалување на ранливоста од трговијата со деца како што се: собирање на податоци разделени по повеќе белези, истражувања, градење на капацитетите и свеста за правата на децата, измена на законската регулатива во однос на отстранување на исклучоците за склучување на брак на децата, овозможување на специјализирана терапија и рехабилитација по мерка на децата кои се жртви на насилство, во што спаѓа и сексуална злоупотреба на деца и деца жртви на трговија со луѓе.

Комитетот, конкретно дава и препораки за отстранување на штетни практики во Северна Македонија во однос на:

• искоренување на детските бракови и подигање на свесноста за негативните влијанија на таквите штетни традиционални практики врз децата, особено кај ромската популација; и

• прашањето на детскиот труд, особено во неформалниот сектор, меѓу другото и во смисла на експлоатација на децата за питачење, особено кај децата од најсиромашниот дел од населението и воспоставување програми за обука за трудовите инспектори.

Во однос на трговијата со деца, **Комитетот ѝ препорачува на нашата држава:**

• Експлицитно да ги дефинира и криминализира сите кривични дела и истите да се усогласат со членовите 2 и 3 од Факултативниот протокол;

• Да обезбеди ефикасна поддршка на децата-жртви на кривични дела согласно Факултативниот протокол и да ја осигури нивната рехабилитација и реинтеграција во општеството;

• Да донесе мерки за евидентирање на сите идентификувани случаи на детска проституција, детска порнографија и/или продажба на деца и да воспостави меѓу- секторска соработка за да се идентификуваат ваквите случаи; и

• Да ги зајакне мерките за обезбедување ефикасна поддршка на децата-жртви на комерцијална сексуална експлоатација и трговија со луѓе и да ја осигура нивната рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција.

**Конвенција на Советот на Европа за акција против трговија со луѓе**[6] се однесува на сите форми на трговија, во рамките на државата или транснационална трговија, на сите видови на трговија, на сите жртви (жени, мажи, деца) на кои им ја гарантира родова еднаквост. Таа става акцент на превенција од трговијата со луѓе, заштитата на жртвите и кривичен прогон на сторителите, се застапува за обештетување на жртвите за претрпената штета и бесплатна правна помош. Групата на експерти за акција против трговија со луѓе (ГРЕТА) се одговорни за следење на спроведувањето на Конвенцијата од страна на страните-потписнички и за изготвување на извештаи во кои се оценуваат мерките преземени од секоја страна. Во Упатство за спречување и сузбивање на трговија со луѓе заради трудова експлоатација, ГРЕТА (2020)12[7] истакнува дека државите имаат обврска да го промовираат, почитуваат и реализираат начелото на ефективно укинување на детската работа[8] во согласност со Конвенцијата за минимална возраст на МОТ (бр. 138) и Конвенцијата за најлоши облици на детска работа (бр. 182). Децата од ранливите групи, како што се децата на улица, децата од етничките малцинства, непридружуваните или разделените деца, се наоѓаат во повисок ризик да бидат тргувани и подложни на детска работа.



---

[6] Службен весник бр. 49 од 14.04.2009 година, Стапена во сила на 01.09.2009 година.

[7] Грета група на експерти за дејствување против трговија со луѓе (2020)12

[8] Декларација за темелните начела и права на работа на МОТ (1998).

Во Извештајот доставен од третиот круг на оценување на спроведувањето на Конвенцијата за Северна Македонија[9] во однос на трговијата со деца, ГРЕТА искажува загриженост поради недостатокот на соодветно, специјализирано сместување за децата-жртви или потенцијални жртви на трговија со луѓе, како и поради несоодветните човечки и финансиски ресурси на Центрите за социјална работа, што ја оневозможува нивната активна улога во спречувањето на трговијата со деца, откривањето и помагањето на децата-жртви на трговија со луѓе.

Во таа насока **ГРЕТА ги дава следните ПРЕПОРАКИ** на Северна Македонија:

1. Да се погрижат децата-жртви на ТЛ да добијат специјализирано сместување и услуги;
2. Да бараат алтернативи на задржување/притвор на деца без придружба, во согласност со најдобриот интерес на детето и Акцискиот план на Советот на Европа за заштита на ранливите лица во контекст на миграција и азил во Европа (2021-2025).[10]
3. Да ги зајакнат капацитетите и човечките ресурси на Центрите за социјална работа за да им се овозможи да играат активна улога во спречувањето на трговијата со деца, откривањето на децата-жртви на трговија со луѓе и обезбедување на нивна помош;
4. Да ги сензибилизираат и обучат професионалците за заштита на децата од трговија со деца и да ги зајакнат нивните ресурси низ целата земја;
5. Да развијат програми за рехабилитација на децата од улица, нудејќи им нив и на нивните семејства стручно оспособување, можности за вработување, сместување во алтернативна грижа, врз основа на најдобриот интерес на детето;
6. Да се погрижат за спроведување на соодветна проценка на ризикот пред да се вратат децата кај нивните родители, земајќи ги предвид најдобрите интереси на детето;
7. Да обезбедат дополнителни обуки за засегнатите страни (трудови инспектори, полициски службеници, обвинители, социјални работници, здравствени и образовни работници) за идентификација на децата-жртви на ТЛ и за различни форми на експлоатација.



---

[9] ГРЕТА го започна третиот круг на евалуација на Конвенцијата за Северна Македонија на 3 јуни 2021 година, а Извештајот е објавен на 24 март 2023 година.

[10] https://rm.coe.int/action-plan-on-protecting-vulnerable-persons-in-the-context-of-migrati/1680a409fc

8. Да се обезбедат процедури кои се сензитивни за децата за пристап кон правда и правни лекови, при истрагата, кривичното гонење и судењето на случаите на трговијата со деца.

**Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот**[11] од 1982 година, се однесува на забрана и итно постапување за елиминација на најлошите форми на детски труд. Ги дефинира најлошите форми на детската работа, како „сите форми на ропство или практики слични на ропство, како што се продажба и трговија со деца, должничко ропство и принудна работа, вклучувајќи и принудно или задолжително вработување на деца.“



**Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба**[12] има за цел: спречување и борба против сексуалната експлоатација и сексуална злоупотреба на детето-жртва, и заштита на неговите права од злоупотреба.

Конвенцијата, особено ја потенцира во делот II превенцијата преку обуки и подигнување на свеста кај лицата кои работат со деца (член 5). Понатаму, за време на основното и средното образование, децата треба да добиваат информации за ризиците од сексуалната експлоатација и сексуалната злоупотреба, како и начините да се заштитат себе (член 6) и препорачува, спроведување кампањи за подигнување на свеста на општата јавност (член 8).

**Значајно е да се истакне дека е потребно континуирано следење на спроведувањето на обврските и стандардите од овие меѓународни документи од страна на сите надлежни институции/чинители.**

## 2.НАЦИОНАЛНА ЗАКОНДАВНО - ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

Во овој дел од Извештајот е даден краток преглед на законите, стратешки документи, програми и релевантни извештаи и анализи од областа на трговијата со деца, со цел да се дадат препораки и насоки за идно делување.

Генерално може да се каже дека Северна Македонија има солидна законска регулатива. Имено, превентивно заштитни одредби содржи **Уставот на Северна Македонија**[13] со кој се гарантира заштита од присилна работа во (член 11) и заштита на децата

[11] https://www.google.com/search?client=firefox

[12] Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse CETS No.: 201, 25.10.2007.

[13] https://dw3yoh98rrrmk.cloudfront.net/450d7200a0874c0887d35cec6210d41f.pdf

и малолетни лица помлади од 15 години живот, односно забрана да бидат вработени на работни места кои се штетни за нивното здравје и морал (член 42). Во **Кривичниот законик**[14] децата се предмет на посебна кривично-правна заштита со оглед на нивната ранливост и можностите за злоупотреби. Поради нивната возраст и степенот на развиток, а со цел да им се обезбеди соодветна благосостојба, пропишано е посебно кривично дело трговија со дете (Член 418-г),[15] со кое се забрануваат сите форми на експлоатација: сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете и недопуштено пресадување на делови од човеково тело. Во членот е пропишана соодветна казна, а воедно интегрирано е начелото на неказнување на децата-жртви на трговија со луѓе. Притоа под „ дете“ се подразбира секое лице помладо од осумнаесет години, со што законската регулатива е усогласена со Конвенцијата за правата на децата и Европската Конвенција за борба против трговија со луѓе.

Дополнително, **Законот за заштита на деца**[16] ги штити децата од сите видови експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба. **Законот за семејство** е исклучително важен од аспект на заштита на децата жртви на трговија, со посебната глава која се однесува на старателство на деца жртви на трговија со луѓе. **Законот за социјална заштита** ја унапредува заштитата со овозможување на услугата за привремен престој на жртви на трговија со луѓе и деца жртви, додека лиценцирање на оваа услуга е од Министерството за труд и социјална политика (Комисија за лиценцирање на даватели за социјални услуги), со која се овозможува функционирање на Центарот за лица-жртви на трговија со луѓе (ЦЛЖТЛ). Законската регулатива е унапредена со донесувањето на **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство** со кој трговијата со луѓе се препознава како родово базирано насилство и се бара постапување со должно внимание од сите вклучени надлежни институции. Членот 10 во Законот се однесува на помош и заштита на деца кои трпат насилство. Во Законот се обезбедува остварување на права и услуги од социјална заштита, како и спроведување на постапка за ставање на дете под старателство и назначување на старател, согласно Законот за семејството.

[14] Кривичен законик Службен весник, бр. 97/2017 и 248/2018.

[15] **Анекс 2:** Член 418-г од Кривичниот Законик.

[16] Законот за заштита на деца https://www.mtsp.gov.mk/ content/pdf/pravilnicidetska/2020/29.6-%D0%94%D0%97.pdf (консолидиран текст, јуни 2020).

Со донесувањето на **Законот за надомест на штети на жртви на кривични дела,** направен е значаен исчекор во однос на обештетување и на децата-жртви. Досегашната Програма за обештетување на децата-жртви е интегрирана во овој Закон, и она што претстои во нареден период е воспоставување на Комисијата која е надлежна да го имплементира Законот.



## Стратешки документи

**Националната Стратегија и Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и деца 2021-2025**[17] ги одредуваат стратешките приоритети за борба против трговија со луѓе и трговија со деца, дефинираат специфични задачи на одговорните институции, преку сеопфатен, мулти-дисциплинарен и координиран пристап насочен кон жртви/децата-жртви. Овој документ ги постави постулатите на политиките за справување со трговијата со луѓе и трговија со деца.

Со иста временска рамка и структура е и Националениот Акцискиот план за борба против трговија со деца, кој ја дефинира и оперативната рамка за поставените стратегиски области односно: превенција, идентификација и упатување, директна помош, заштита, интеграција и доброволно враќање на жртвите на трговија со луѓе, мигрантите, ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривични дела трговија со луѓе и криумчарење мигранти, истакнувајќи и соодветни стратешки цели, очекувани резултати, активности, надлежни институции, временска рамка на реализација, индикатори на успешност и постигнати цели.

Во тековниот Акциски план посебно внимание се посветува на превенција преку информирање и зајакнување на свеста за правата на децата. Во овој контекст **потребно е во следниот Оперативен план да се потенцира зајакнување на индивидуалните способности на детето во контекст на спречување на трговија со деца**. Посебно е потребно да се вклучи сексуално образование во училиштата како и да бидат достапни голем број релевантни информации, вклучувајќи наставен материјал и брошури, кои информираат, советуваат, давајќи насоки за помош и поддршка. Покрај тоа, децата треба да бидат информирани за нивното законско право на заштита од насилство и експлоатација. Информациите и по-

[17] Стратегија и НАП-2021-2025 година , усвоена од Влада на Северна Македонија на 20 април 2021година.

знавањето на Конвенцијата за правата на детето, ќе ја зајакнат положбата на децата и овозможат поголемо остварување на нивните права. Друга значајна мерка е подигање на свеста на општата јавност за намалување на побарувачката на деца-жртви за трговија со деца (т.е., детски труд, принудни сексуални услуги, принудни детски бракови). Потребно е да се преземаат активности за да се обезбеди рана идентификација на децата-жртви и преку неформалните методи за спречување на онлајн експлоатација на деца.

**Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе/деца жртви (СОП)** преставуваат стандарди за унифицирано постапување со жртвите и децата жртви на трговија со луѓе. Уредуваат постапки, процедури и начини на давање помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе/ деца-жртви, почитувајќи го најдобриот интерес на детето при донесување одлуки и постапки кои се најдобро решение за него. Мерките предвидени за деца се прикажани посебно во документот. Во текот на 2023 година, се работеше на ревидирање на СОП и усогласување со законската регулатива и новите текови.[18]

**Во нареден период потребно е спроведување на дополнителни обуки за примена на СОП од сите одговорни актери.**

**Индикатори за идентификација на жртви/деца-жртви на трговија со луѓе (2014)**[19] се помошна алатка на задолжени стручни лица од институциите / здруженија на граѓани, кои врз основа на дадени насоки и формулар за идентификација содржан во СОП-от, вршат квалитетна и навремена идентификација на жртви, децата жртви на трговија со луѓе и претпоставени жртви. Во текот на обуките, посебно внимание се посветува на индикаторите, на нивното препознавање од страна на одговорните чинители за идентификација.

**Овој позитивен тренд на практикување на СОП-от треба да продолжи и со формуларот за идентификација, по неговото ревидирање, но да се имаат во предвид и новите модус операнди како и новите индикатори кои би можеле да упатат на трговија со деца.**

**СОП-от за постапување со Непридружувани деца странци (НДС); [20]**



---

[18] СОП, усвоен од Национална Комисија и **доставен е на усвојување во Влада на Северна Македонија.**

[19] http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/индикатори

[20] http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-nepridruzuvani-deca-stranci.pdf

1. ја дефинира надлежноста за постапување во одредена фаза од постапката,

2. е унифициран и стандарден начин на постапување на надлежните институции и организации во постапките со НДС,

3. има мулти-дисциплинарен пристап во постапувањето со НДС,

4. ги почитува правата на НДС согласно Конвенцијата за права на детето и домашната легислатива,

5. ги предвидува сите постапки кои се превземаат, да бидат во склад со најдобрите интереси на детето.



**СОП-от содржат 6 процедури:**

1. Идентификација и Упатување,
2. Згрижување и првична помош,
3. Регулирање на статусот,
4. Семејно обединување –враќање,
5. Локална интеграција – долгорочна помош и
6. Кривична постапка.

**СОП 1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И УПАТУВАЊЕ:**

**Идентификацијата е дефинирана** како збир на постапки и мерки на надлежните институции за постапување со НДС, кои врз основа на околностите во кои е пронајдено детето, се насочени кон прибирање на информации и факти кои ќе доведат до формирање на разумно сомнение, дека определено лице е дете, кое е непридружувано. **Упатување** подразбира:

• предавање на пронајдено лице/дете кое според околностите во кои е пронајдено како и неговиот изглед укажуват дека се работи за странец -НДС од страна на граѓански организации, меѓународни организации или граѓанин на најблиската организациона единица на МВР или на месно и стварно надлежен МЦСР или ЦСР при МТСП за понатамошно постапување.

• постапка на надлежна институција за идентификација на НДС, која ја спровела првичната идентификација до степен на разумно сомнение дека се работи за НДС и истото го упатува до месно и стварно надлежен ЦСР/ МЦСР при МТСП да одреди законски старател за НДС.

• месно надлежен е стручен тим на ЦСР/МЦСР, кој врз основа на прелиминарно собраните информации и податоци за детето странец, за кое постои разумно сомнение дека е НДС, ќе го идентификува како НДС.

**Програма за помош и поддршка при реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе (Програма)**[21]

Целите и појдовната основа на Програмата, предвидува подготовка на индивидуален план и спроведување на активности во насока на најдобриот интерес на детето, што преставува задолжителна обврска при нивна реинтеграција. Во процесот на реинтеграција, се планираат посебни мерки базирани на возраста и потребите на детето-жртва, имајќи ги во предвид посебните физички, психички и социјални последици кои ги доживеале, како резултат на злоупотреба и експлоатација.

Услугите ги обезбедува Центарот за социјална работа, со поддршка на партнерски организации кои работат со децата-жртви на трговија со луѓе.

Имајќи го во предвид Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, каде се предвидува **Програма за реинтеграција на жртвите на родово-базирано насилство, при нејзина подготовка, треба да се има во предвид и оваа категорија на жртви на родово-базирано насилство. Постои можност и ревидирање на постоечката програма, по што треба да се организираат обуки и да се планираат финансиски средства за нејзина примена во локалните заедници каде децата-жртви треба да се интегрираат.**

## Институционална рамка

**Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**

е меѓу-ресорско координативно тело со кое раководи Национален Координатор. Н. Комисија врши надзор, координира, спроведува и анализира владини политики за борба против трговија со луѓе /трговија со деца и нерегуларна миграција. Во нејзиниот состав се работни тела:

- **Секретаријат**[22] на Н. Комисија, кој е задолжен за реализација на одлуките на Н. Комисија.
- **Подгрупа за борба против трговија со деца**



[21] Програма за помош и поддршка при реинтеграција е подготвена во 2014 година во согласност со Националната Стратегија и Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2013-2016 година и постоечката законска регулатива во тој период од страна на МТСП.

[22] Во Секретаријатот, членуваат претставници од меѓународни организации, здруженија на граѓани и експерти од владините институции: МВР-НЕСКМТЛ, МТСП-НМУ, Амбасада на САД, ИЦМПД, ОБСЕ, ИОМ, УНХЦР, ГИЗ, Регионален центар - МАРРИ, Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Македонско здружение на млади правници, СОЖМ, Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта-Ла Страда", Здружението на граѓани „За среќно детство", Здружението на граѓани „Семпер" и Црвениот крст на Северна Македонија.

За потребите на овој прв извештај на Подрупата, фокусот е подетално ставен на структурата и мандатот на Подгрупата за борба против трговија со деца.

Подгрупата за борба против трговија со деца е формирана со одлука на Н. Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на 07.11. 2003 година, со цел заштита на децата во Северна Македонија од трговија со луѓе и експлоатација.

Мандатот на Подгрупата е насочен кон помош на институциите кои го третираат проблемот на трговијата со деца, креирање на стратегија за борба против трговија со деца, помош во имплементација на едукации и обуки на стручни работници со цел правилен третман кон децата, како и донесување мерки за спречување на трговија со деца, итн. Една од битните активности на Подгрупата е придонес во подигање на свеста на пошироката јавност за присуство на појавата на трговијата со деца, како и промоција на детските права.



За ефикасно функционирање на Подгрупата, донесен е и Деловник за работа на (09.11. 2003 година) со кој се утврдува организација и начин на работа, составот на членовите на Подгрупата и нивните права и должности, како и надлежности на Подгрупата.

Се истакнува дека Подгрупата е надлежна за: Изработка и предлог - ревизија на Акцискиот план за борба против трговија со деца, негово следење во спроведувањето, интервенирање до надлежните институции/организации за благовремено преземање на сите мерки и активности предвидени во Акцискиот план и известување на Националната Комисија, за приоритетните активности за деца во Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и др.

Националната Комисија ги номинира членовите на Подгрупата,[23] и од нејзиното формирање направени се неколку измени и дополнувања, а последната измена беше во 2021 година. Подгрупата во моментов ја сочинуваат вкупно 14 претставници, вклучително и **претставничката на Народниот правобранител** која е со статус на членка-набљудувачка во Подгрупата. Според пол 12 членки се жени а 2 се мажи.

Структурата на Подгрупата е хетерогена во однос на претставници на различни ресори како што се: МВР, МТСП, МОН, здруженија на граѓани и меѓународни организации.

Со Подгрупата раководи претседавачка од МТСП, која воедно е и координаторка на Националниот механизам за упатување (НМУ).

---

[23] **Анекс 3:** Членови на Подгрупата за БПТД.

• **Оперативен тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе/деца, формална идентификација на жртвите и нивен статус (ОТ).**[24]

Н.Комисија на седница на 11.04.2022 година донесе Решение за негово формирање. Задача на ОТ е, да врз основа на спецификите на кривично-правниот настан го дефинира статусот на жртвите и изврши формална идентификација.

Националната Комисија согласно своите надлежности, во соработка со работните тела подготвува Годишен извештај за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција и истите ги доставува до Владата на Северна Македонија на усвојување. При подготовка на овој Извештај на Подгрупата за БПТД, во делот на Анализа на состојби и статистички податоци, земени се во предвид годишните извештаи на Националната комисија за 2021 и 2022 година.

**Водечки начела/принципи** по кои постапуваат членовите на Подгрупата се содржани во наведените документи, како меѓународни така и национални, тргнувајќи од најдобриот интерес на децата. Сите субјекти вклучени во борба против трговијата со деца ги почитуваат водечките начела и принципи од Конвенцијата за права на детето, националната регулатива, и актуелните Стратешки документи.

Во текот на референтниот период, Подгрупата има одржано 3 состаноци од кои 2 он-лајн во текот на 2021 година и еден со физичко присуство во 2023 година. Заеднички состаноци се реализирани со Секретаријатот на Н. Комисија, каде членовите на Подгрупата беа присутни. Пандемијата со Ковид-19 остави силно влијание и на работата на Подгрупата, во периодот, а комуникацијата претежно се одвиваше по електронски пат.

**Во наредниот период потребно е да се разгледаат мандатот, деловникот и структурата на Подгрупата и доколку има потреба, да се пристапи кон нивно ревидирање со цел поефикасно функционирање. Најрационално е оваа активност да се предвиди во Оперативниот план за наредниот период и да се размисли за ресурсите кои се потребни за функционирање на Подгрупата.**



### Национален известувач за Трговија со луѓе и илегална миграција

Национален известувач во Северна Македонија е воспоставен по предлог на Националната Комисија во **2009** година. Согласно препораките на Експертска група за акција против трговија со

[24] Решение бр. 10-279/1 од 19.04.2022 година.

луѓе од Советот на Европа - ГРЕТА, од 2019 година се воспостави во рамките на институцијата Народен правобранител-Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција. Според својот мандат, врши: надгледување на активностите за борба против трговијата со луѓе/деца, собирање и анализа на релевантни податоци од партнери, следење и оценување на спроведувањето на Националниот акциски план, носење заклучоци и давање препораки за подобрување на борбата против трговијата со луѓе/деца во однос на спроведување закони и политики, се со цел, подобрување на институционалниот одговор кон наведената проблематика.



Националниот известувач во Извештајот „**Предизвиците и ефикасноста на надлежните институции во Северна Македонија во процесот на превенција идентификација и спроведување на заштита на жртви на трговија со луѓе, во тек на 2021 година**" во однос на децата **констатира дека**:

• Организирани се обуки за наставниот кадар, со вклученост на психолошко- педагошките служби во соработка со Н. Комисија, Подгрупата, МТСП и Министерство за образование и наука, односно Бирото за развој на образование, здруженија на граѓани и меѓународни организации, што е за одбележување.

• Активноста за борба против трговијата со деца е насочена кон мултидисциплинарни и специјализирани обуки помеѓу институции, меѓународни организации и здруженија на граѓани за препознавање, идентификација и заштита на деца-жртви на трговија со луѓе, имајќи ги во предвид нивните права и нивниот најдобар интерес.

• Со развојот на новите технологии во услови на КОВИД 19, во светски рамки забележани се нови начини на регрутација на децата жртви. Имено, жртвите, се злоупотребуваат со помош на новите комуникациско - информатички технологии. Ваквата состојба и во Северна Македонија ја отежнува идентификацијата, препознавањето на индикаторите и елементите кои ја дефинираат трговијата со деца.

Во 2022 година, Националниот известувач подготви Анализа **„Предизвици во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на трговија со луѓе во Северна Македонија."** Анализата го става фокусот на функционирањето на институционалната и системска рамка за идентификација и реинтеграција на ЖТЛ/деца-жртви, но и поддршката и помошта од страна на релевантните партнерски институции/организации, за период април 2021 година–април 2022 година, при тоа заклучува дека:

**• Нема посебни финансиски ресурси од државата за спроведување на Реинтеграциски планови за децата-жртви на трговија со луѓе во локалните заедници;**

**• Во согласност со промените во законската регулатива, потребно е ревидирање на Програма за помош и поддршка при реинтеграција на деца-жртви на трговија со луѓе со обезбедување на соодветни финансиски средства и нивна задолжителна примена.**

***Препораки дадени од страна на Националниот известувач за:***

| 2021 | 2022 |
|---|---|
| -Промовирање на превенција со примена на приод кој дозволува учество на децата од ранливите групи при осмислување на мерки и иновативни решенија за сузбивање на трговијата со деца.<br><br>-Востановување на програми за едукација од он-лајн сексуална експлоатација и детска порнографија/ злоупотреба на децата преку интернет. | -Потребно е воспоставување на Центар, каде би се сметувале сите деца во ризик кои се пронајдени (деца на улица, деца питачи, деца кои избегале од дома или се во судир со законот, жртви на насилство и др.), во кој по нивна стабилизација ( до 2 месеци) ќе се направи проценка за соодветна форма на заштита или идентификација. |
| -Да се обрне посебно внимание на подигнување на свеста за трговија со деца преку интернет и можностите за злоупотреба на ранливите категории. | -Утврдување на нови индикатори за препознавање на деца-жртви со цел порнографија и он-лајн експлоатација на децата. |
| -Вклучувањето на децата-жртви на трговијата со луѓе во редовно образование во најкраток рок мора да е приоритет на одговорните институции, особено за старателите на овие деца во целиот процес на заштита и реинтеграција. | -Потребно е одржување превентивни лекции / предавања за децата и родителите. |

| | |
|---|---|
| -Проактивен пристап во идентификацијата на случаи на присилно питачење на децата, како ранливи категории. | -Да се води сметка сите стручни лица кои се вклучени во работа и заштитата на детето-жртва, да бидат обучени за специфичниот пристап кон децата, детските права и потребите на децата. |
| -Да се зголемат сместувачките капацитети со соодветно и безбедно сместување на жртвите на трговија со луѓе/деца во согласност со возраста, полот, на домашни и странски потенцијални и идентификувани и ЖТЛ/ деца-жртви. | -Потребни се дополнителни напори на образовните институции со цел олеснување на пристапот до образование на децата и нивно повторното вклучување во редовно и задолжително образование. |
| -Да се зајакне поддршката за реинтеграција на жртви на трговија со луѓе/деца жртви, со нудење стручно оспособување, помош при обезбедување соодветни ресурси до услуги потребни на децата жртви при нивната интеграција. | -Да се обезбеди долгорочно следење на реинтеграцијата на децата жртви на трговија со луѓе. |



**Потребно е континуирано спроведување на препораките од Националниот известувач дадени до сите надлежни институции, и систематско следење на степенот на нивната реализација.**

## 3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Овој дел на извештајот фокусот е ставен на статистичките податоци и феноменологијата на трговијата со деца. База на податоци за ЖТЛ/деца жртви, се води од страна на Секретарот на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, согласно стандардизирани алатки за прибирање на податоци од различни извори како што се МВР, МТСП и од здруженијата на граѓани. Од 2022 година со формирањето на Оперативниот тим кој врши формална идентификација, податоците се собираат на систематизиран начин по донесена одлука на ова тело.

Во однос на официјалните податоци на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за идентификувани жртви,[25] која се однесува на период од 20 години (2001-2021) најголем дел жртви се деца (70%) на возраст од 9 до 17 години, домашни државјани/ки од ранливи категории, кои потекнуваат од северните и северо-западните делови на земјата. Во однос на родовата застапеност, повеќето жртви се жени/девојчиња, кои најчесто се жртви на двојна комбинирана експлоатација (сексуална и трудова експлоатација). Просечна возраст на децата жртви, е околу 15 години.

Табела: Идентификувани деца жртви, на трговија со луѓе по години




Во текот на 2021 година МВР-НЕСКМТЛ спроведе 5 истраги од кои три реактивни во однос на член 418-г и една реактивна истрага по член 418-г и член 194 „Родосквернавење.“

Идентификувани се 48 жртви на трговија со луѓе, од кои 6 деца (12,5%), 5 се женски деца и 1 машко, сите државјанки/нин на Северна Македонија на возраст од 8 до 17 години. Според видот на експлоатација 4 се жртви на присилен брак, 1 на сексуална експлоатација и 1 на питачење, додека местото на експлоатација на жртвите е централниот и западниот дел на Северна Македонија, и по една во Босна и Херцеговина и Белгија.

Основното јавно обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција, (ОЈОГОКК) за кривичното дело по член 418-г од КЗ во текот на 2021 година заведе 1 Кривична пријава против 3 лица (2 м и 1 ж) а еден предмет е во фаза на истрага.

[25] http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81/

Во 2021 година со судска пресуда (во прв степен) наложена е исплата за обесштетување за 2 деца претпоставени и официјално признати жртви на трговија со луѓе. Судот досудил три барања за обесштетување. На две жртви им се доделени по 300.000,000 денари, а на една жртва 180.000.000 денари.

Важно е да се истакне дека на една жртва по пресуда од 2015 година, по неколку поднесени претставки до Основниот кривичен суд, во август 2021 година и беше исплатен надомест на нематеријална штета во износ од 400.000,00 денари, откако сторителот го прогласиле за виновен.[26] Ова говори за долгиот период за извршување или спроведување на пресудите во однос на исплатата на оштетеното побарување,  што значи, дека жртвите не ги добиваат средствата во периодот на реинтеграција кога најмногу им се потребни.

Исто така, по приближно една и пол година, судот донесе решение врз основа на кое од програмата на Министерството за правда беше исплатено обесштетувањето.

Со Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, децата-жртви имаат право на паричен надоместок без оглед дали сторителот на кривичното дело е познат и без оглед дали против сторителот на кривичното дело е поведена кривична постапка, или пак постојат фактички или правни пречки за водење на кривична постапка. За правото на паричен надоместок и за определување на видот и висина на паричниот надоместокот на жртвите одлучува Комисија. Оваа Комисија ја формира Владата, но до октомври 2023 година, истата не е формирана.

Во текот на **2022** година, МВР-Национална единица за борба против криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) спроведе две реактивни истраги во врска член 418-г во кои се идентификувани 7 сторители (2 ж и 5 м), од кои 2 странски државјани.

Спроведени се и 3 реактивни истраги започнати во 2021 година, односно, едната е во врска со член 418-а во која е идентификуван 1 сторител од машки пол, и 2 истраги во врска со **член** 418-г,

[26] Согласно Законот за правда на децата, децата жртви имаат право на обесштетување од буџетот на Министерството за правда, доколку средствата не можат да се наплатат од сторителот на кривичното дело. Дете на кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва и му е признато имотно-правно побарување, поднесува барање за извршување на пресудата до надлежен извршител. Во отсуство на имот на осудениот од кој може да се наплати штетата, жртвата побарува од кривичниот суд да донесе решение со кое ќе се потврди износот на штетата. Оваа одредба е укината со донесување на Законот за надомест на штети за жртви на кривични дела. **Оваа одредба е укината со  донесување на  Законот за исплата на надомест на штети за жртви на кривични дела**.

во која се идентификувани вкупно 5 сторители, (2 ж и 3 м). Жртви на овие кривични дела се 2 лица од женски пол, принудувани на трудова и сексуална експлоатација, едната од жртвите била и принудена на присилен брак, а другата на питачење.

По член 418-г поднесени се 4 кривични пријави против 12 лица (8 м и 4ж).

Во **2022 година,** идентификувани се 9 жртви од кои 7 деца (78%), на возраст од 14-17 години. Од нив, 6 се домашни државјанки/девојчиња, и едно девојче е странска државјанка. Според видот на експлоатација, во најголем број случаи (5) жртвите се идентификувани како жртви на присилен брак, (1) девојче е жртва на сексуална експлоатација и (1) девојче е жртва на онлајн експлоатација /преку интернет.

**Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција** за кривичното дело Трговија со дете по член 418-г од КЗ во текот на 2022 година прими 5 известувања од МВР. До надлежниот суд, поднесе 9 обвиненија во кои се обвинети 9 машки и 4 женски лица. Надлежниот суд донесе 2 пресуди по однос на ова кривично дело.

Табела: **Потенцијални жртви на трговија со луѓе по години**




Во **2021** година, од идентификувани 10 потенцијални жртви на трговија со луѓе,[27] 5 се деца (50%), 3 девојчиња и 2 момчиња. Момчињата се на возраст од 13 до 15 години и се идентификувани како потенцијални жртви помеѓу илегалните мигранти.

Во текот на **2022** годината идентификувани се 13 потен-

[27] Од вкупниот број на идентификувани потенцијални жртви, 2 се деца идентификувани помеѓу илегалните мигранти, на кои им е назначен старател и безбедно се сместени. Ваквото проактивно делување и давање на помош и поддршка на потенцијалните жртви придонесува во спречување на трговијата со луѓе и ја нагласува потребата од поголема оперативна и теренска активност помеѓу ранливите групи.

цијални жртви од кои 8 деца (61.5%), 5 девојчиња и 3 момчиња, од кои едно дете е идентификувано како потенцијална жртва помеѓу илегалните мигранти.

## 3.1 Преглед на реализирани активности во 2021-2022 година предвидени согласно Оперативниот план на Подгрупата, според стратешките цели



**Анализа на степен на реализација на Оперативен план**

Општата оценка, согласно добиените информации од членовите на Подгрупата за борба против трговија со деца, кои се релевантни чинители, добиени по Образецот од Оперативниот план е позитивна. Препорака е дека активноста треба интензивно да продолжи со цел да се завршат предвидените активности кои не биле спроведени, како и можности непречено да се идентификуваат новите трендови во областите на трговијата со деца.

Во поглед на стратешките области кои ја следат рамката на Стратегијата и Националниот акциски план за борба против трговијата со деца, во Оперативниот план се планирани активности кои се однесуваат на следното:

• **Стратегиска област 2: Превенција**

- Стратегиска цел 2.2: Зајакнување на капацитетите за реализација на превентивни активности во која се интегрирани: јакнење на капацитетите на Подгрупата за борба против трговија со деца, јакнење на капацитетите на Центрите за сместување на жртви на трговија со луѓе, усогласување на регулативата /ревидирање на документи и програми, истражувања / анализи, обуки (на НЕКМТЛ, образовниот кадар, здравствените работници, трудови инспектори, социјални работници, јавни обвинители, судии, новинари);

- Стратегиска цел 2.3 Подигање на јавната свест и едукација, 2.4 Намалување на ранливоста 2.5 Намалување на побарувачката, и

• **Стратегиска област 3: Идентификација и упатување**

• **Стратегиска област 4: Директна помош, заштита, интеграција и доброволно враќање на ЖТЛ/деца-жртви** и **мигранти**

- 4.1 Обезбедување целосна заштита, директна помош за реинтеграција и доброволно враќање на ЖТЛ/ДЖ и мигранти во согласност со меѓународните стандарди.

**Степен на реализација:**

Во насока на постигнување на стратешката цел **„Јакнење на**

**капацитетите и реализација на превентивни активности“** спроведени се обуки, семинари, тематски дискусии и студиски посети.

Во рамки на Стратегиска цел 2.2: Зајакнување на капацитетите за реализација на превентивни активности за период јуни 2021-јуни 2022 година, беа планирани 6 активности временски лоцирани во 2021 години. Може да се заклучи дека активностите од оваа стратешка цел се 100% реализирани.

За првиот квартал, впрочем планирано е ревидирање на членовите на Подгрупата и изработката на Оперативниот план што е и реализирано во временски предвидениот рок. Во однос на другите 4 активности кои се однесуваат на обуки (основни и напредни) наменети за различни целни групи, вклучително и мобилните тимови, како и пилотирање на обука за родовата димензија на трговијата со луѓе, генерално спроведени се голем број на обуки, но останува забелешка, дека добиените податоци во однос на учесниците на обуките не се секогаш разделени по пол**,** и нема секаде податок за ефектот, односно резултат од мерење на знаењата, пред и по обуката од кои би можело да се направи продлабочена анализа.

| **Реализирани активности за јакнење на капацитети – обуки** | |
|---|---|
| Назив на проект/ Спроведување | Индикатор/ резултат/ период 2021 и 2022 година |
| **Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II на ЕУ и Советот на Европа во соработка со МТСП и Подгрупата за борба против трговија со деца** | • Национален семинар за ТД- трендови и предизвици (28ж и 2м) Цел: Подобрен процес на ресоцијализација и реинтеграција (21 септември 2021) вкупно 30 учесници: социјални работници, ЗГ, мобилни тимови и меѓународни организации.<br>• Две основни обуки за родовата перспектива и трговија со луѓе и деца (28 септември и октомври 2021 година) вкупно 84 учесници, социјални работници, здруженија на граѓани, мобилни тимови (57ж и 27м).<br>• Тематска дискусија за проактивно идентификување и упатување на деца жртви на ТЛ.<br>• Канцеларијата на Советот на Европа, учествуваше во реализација на основна обука на психолози и педагози од Основните училишта во Скопје, на тема „Интервјуирање, заштита, помош и упатување на дете потенцијална жртва на трговија со луѓе“ во соработка со Бирото за развој на образование за препознавање и интервјуирање на деца потенцијални жртви на ТД за 30 учесници, (2м и 28ж). Цел: Зголемен број на идентификувани потенцијални деца-жртви и соодветно упатување за помош и заштита.<br>• Дадена е поддршка на 80 основни каскадни обуки организирани од Бирото за развој на образованието за проактивна идентификација, помош и упатување на децата-жртви на трговија - он-лајн обуки за наставници по основни и средни училишта (1.850 наставници во 2021 година).<br>• Два гранта за јакнење на свеста за превенција од трговија со деца на НВО-а „Лулуди“ и МЗМП. |

| | |
|---|---|
| | • Во контекстс на грантот, поддржани РАЖМ „Лулуди“ таргет, Рома девојчиња и средношколци од разни етникуми (317ж и 116м), подготвени се 5 видеа, работилници за изработка на видеата од средношколците/ките, конференција и анализа на перцепции на средношколци за ТД. Анализа на наодите од истражувањето за перцепциите и сфаќањата на средношколците/ките за трговијата со луѓе со вкупно 403 испитаници(средношколци/ки на возраст од 14 до 19 години). Анализата е достапна на 3 јазици: македонски, англиски и ромски јазик (2021 година).<br>• Материјали за обуки за наставници: Прирачник за наставници за ТД изработен на македонски, англиски и албански јазик, 1 видео – модел за интервјуирање на потенцијално дете-жртва.<br>• Едукативни материјали за деца – видео, стрип, брошура за интернет опасности и 1 брошура за родители на македонски, англиски, албански, ромски, турски и српски јазик.<br>• Обуки за обучувачи за згрижувачки семејства: социјални работници, психолози од ЦСР, **СОС детско село**, Основна обука: 26 учесници (6ж и 20м), Цел: Подигање на свесноста, знаењето и вештини за препознавање на ТД.<br>• Напредна Обука: „Подобра превенција од повторна виктимизација.“ Цел: Поддршка на систем за избирање на згрижувачки семејства за жртви на ТД. Учесници 22 (2м и 20 ж).<br>• Обука за „Превенција од трговија со деца“ посетена од 20 воспитувачки од 20 предучилишни установи, сите од женски пол.<br>• Обука за училишни психолози и педагози, еднодневна хибридна обука за препознавање и интервјуирање на деца потенцијални жртви на ТД, за 25 учесници, (2м и 23ж) Цел: Зголемен број на идентификувани потенцијални деца жртви и соодветно упатување за помош и заштита. |
| **Македонско здружение на млади правници (МЗМП)** | • **МЗМП** доби грант и одржа 5 едукативни сесии за вкупно 54 деца со попреченост (25ж и 29м) на тема: „Заштита на децата со попреченост од трговија со деца“ на истата тема беа одржани и 3 едукативни сесии за 36 родители и старатели на деца со попреченост (32ж и 4м) и 2 едукативни сесии за 35 наставници кои работат со деца со попреченост (28 ж и 7м) во 2021години.<br>• Регионален онлајн курс HELP на тема „Деца-бегалци и мигранти“ на Западен Балкан, 25 мај со 40 учесници, од кои 13 судии, 1 јавен обвинител, 3 стручни соработници, 2 судии поротници, 8 службени лица од МВР и 13 од други институции.<br>Во рамки на проектот спроведуван од страна на МЗМП во соработка со ГИЗ, беше издаден Прирачник за Сезонска работа,[28] а исто така беше одржана и он-лајн информативна сесија за сезонска работа[29]. |
| **Мисијата на ОБСЕ во Скопје** | • Во 2021 година изработи публикација[30]: „Наставна програма за постапување со жртви на трговија со луѓе“, дизајнирана да им помогне на стручните лица да го зголемат своето знаење за ТЛ/деца-жртви, во однос на идентификација, заштита и професионален пристап кон жртвите на трговија со луѓе. Две брошури со информации за правата на ЖТЛ наменета за жртви сместени во Центарот за лица-жртви на трговија со луѓе/деца, а втората за жртви сместени во Прифатниот центар за странци.[31] |

| | |
|---|---|
| | • Во декември 2021, реализираше „Обука за постапување со жртви на трговија со луѓе“.[32] Обуката беше организирана он-лајн, за 30 учесници (20ж, 10м) година во насока на подобрување на идентификацијата, заштитата, рехабилитацијата и реинтеграцијата на ЖТЛ/деца-жртви и соработка меѓу институции и организации. |
| **Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта/ Ла страда“ (Отворена Порта)** | • Одржа еднодневна работилница со млади (средношколци/ки и студенти/ки) покривајќи теми поврзани со спречување на трговијата со луѓе/деца, експлоатацијата, насилството и промовирање на човековите права. Работилницата овозможи на 25 млади да го зајакнат своето критичко размислување и да научат како да се заштитат себеси и своите најблиски ( декември 2021 година).<br>• Континуирано ја промовираше TIP Childhub платформа преку која вработените на здружението и останатите професионалци поминуваат обуки кои се однесуваат на трговија со луѓе, заштита на децата, родово-базирано насилство и други теми важни за секојдневна професионална работа (2021-2022 година).<br>• Обука  за работа со жртви на трговија со луѓе со фокус на деца и млади (онлајн) со вработени во Центарот за згрижување на жртви од трговија со луѓе, социјални работници и психолози од Центрите за социјална работа (октомври 2022 година).<br>• Тематска обука за практична употреба на “Унифицирани Стандардни Оперативни Процедури за прекугранична координација и соработка за заштита на жртвите и потенцијалните жртви на трговија со луѓе, со посебен фокус на децата“ (Онлајн). Вкупно 32 учесници (12 м и 20 ж) од НЕСКМТЛ, ЦСР, Мобилните тимови.[33]<br>• „Отворена порта“ одржа напредна обука за 15 професионалци, СОС оператори наречена „Ефикасна помош и упатување до корисниците на СОС услугите, на СОС линијата за помош за трговија со луѓе/деца. Обуката се фокусираше на механизмите и техниките за ефикасна помош и брза интервенција, особено за украинските лица бегалци или во ризик од трговија со луѓе кои би можеле да се јават на СОС линијата. Преку одредени сесии, операторите дознаа какви услуги и помош можат да понудат на повикувачите од Украина особено на децата.<br>• Обука за превенција од трговија со луѓе, со наставници и стручен кадар од ОУ „Невена Ѓорѓиева Дуња“, во Скопје, на која активно учество земаа 32 учесници (2 м 30 ж). Спроведена е панел дискусија на тема „Заштити ги децата на улица“ за граѓански организации специјализирани за работа со деца на улица, ромски организации, Центри за социјална работа, полиција и мобилни тимови (декември 2022 година).<br>• Истражување за „Он-лајн експлоатација и трговија со деца и предизвиците со кои се соочуваат потенцијалните и идентификуваните жртви на трговијата со луѓе/деца преку интернет, превенција и обезбедување соодветни услуги.“ Во насока на зајакнување на превенцијата од трговија со деца, истражувањето опфати 685 ученици од основно и средно |

| | |
|---|---|
| | училиште на возраст од 12-17 години и подготвени се препораки за намалување на онлајн експлоатацијата на децата.<br>• Промоција на документарен филм „Излез“ работен според вистинити приказни на жртви на трговија со луѓе/деца со цел подигање на свеста кај пошироката јавност за постоење на проблемот на нашите простори. ( декември 2022). |
| **Здружение „За среќно детство“** | • Спроведена специјализирана обука на студенти за трговијата со деца, индикатори за прелиминарна идентификација на деца потецијални жртви / жртви на трговија со деца, за проблемите на децата на улица (25 учесници).<br>• Одржани 2 еднодневни обуки за трговија со деца, за студенти од 4 институти од Филозофскиот факултет.<br>• Обука на студенти за работа со деца на улица на Тема: „Индикатори за откривање на потенцијални жртви на ТД меѓу децата на улица“, за што се обучени 30 студенти (2021 година).<br>• Напредна дводневна обука за студенти од трета година од Институтот за социјална работа: на тема „Трговија за трудова експлоатација на деца на улица“ на која се обучени 25 студенти (2022 година).<br>• Дводневна обука на студенти за работа со деца на улица:„Опсервација на деца на улица и откривање на потенцијални жртви на трговија со деца, меѓу децата на улица“ (2022 година). |
| **ИОМ** | • Во проектните активности беа спроведени повеќе обуки: Дводневна он-лајн обука на професионалци во Центрите за обезбедување услуги на ранливи категории мигранти, на тема: „Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца странци“ и „Стандардни оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица странци“ на кој учество земаа 39 лица.<br>• Обука за зајакнување на прекуграничната соработка и капацитетите за гранично управување на Северна Македонија на тема: **„**СОП за постапување со ранливи категории лица – странци и СОП за не придружувани деца странци“ на кој учествуваа 18 лица (2021 година).<br>• Во текот на 2022 година обучени се 59 припадници на граничната полиција (51 м и 8 ж) на теми поврзани со Хуманитарно гранично управување, за постапување со ранливи категории лица – странци и не придружувани деца странци, родово чувствителни интервјуа, механизам за упатување на идентификувани криумчарени мигранти, потенцијални/жртви на трговија со луѓе и деца жртви на ТЛ, човековите права и родовиот пристап; Справување со криумчарење мигранти и трговија со луѓе/деца. |
| **УНХЦР и ИОМ** | • Одржана е тркалезна маса на тема „Заштита на децата странци во миграциски движења низ Северна Македонија“, (16 декември 2021 година) вкупно 39 учесници, од кои 2 судии, 1 јавен обвинител и 36 претставници на други институции. |

| | |
|---|---|
| **УНИЦЕФ** | • Развиен пакет за обуки за пристап воден од доживеаната траума што е ново транс-дисциплинарно подрачје кое нуди поинтегрирано поимање за траумата и нејзиното влијание врз животите на децата. Во јуни 2022, 150 професионалци во системот за правда, (обвинители, судии, адвокати, медијатори, социјални работници и полициски службеници) беа обучени според овој пристап, додека 12 професионалци беа обучени како обучувачи.<br>• Со поддршка на УНИЦЕФ, во консултација со сите релевантни чинители од МЗ, МП, МТСП, МВР, во периодот од јануари 2022 до септември 2022, беа развиени и упатства и потребни документи за постепено воведување на сигурни куќи за деца-жртви по моделот на Барнахус. Во мај 2022г, 200 професионалци беа обучени за мулти-секторски пристап при работата со деца жртви, деца сведоци и деца во судир со законот. Обуката имаше за цел да ја зајакне меѓу-секторската соработка при постапувањето со децата, и да ги зајакне вештините на професионалците да носат одлуки кои се водени од најдобриот интерес на детето. |
| **Национална асоцијација СОС „Детско село“** | • Спроведена обука/информативна сесија во насока на информирање и подигнување на свеста кај децата во која учествуваше претставник од Здружението на граѓани „За среќно детство“. Обуката се одржа на 05.12.2021 година на тема: „Трговијата со деца, видови на трговија со деца, ризик факторите, начините на измама, препознавање на сајбер измама.“ Учествуваа 30 учесници кои имаат статус на деца без родители и родителска грижа на возраст од 13 до 18 години, сите од женски пол.<br>• Анализа и студии во насока на детектирање на ризиците и трендовите кај децата и младата популација. Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата.“ Учесници во студијата, 1.050 млади на возраст од 15 до 29 години учествуваа преку онлајн-анкета (2022 година).<br>• Обука на едно специјализирано згрижувачко семејство за грижа за дете/жртва на трговија со деца.<br>• Интензивна поддршка на згрижувачкото семејство во грижа за детето жртва.<br>• Информативни сесии за вработени згрижувачи и помошници во СОС Детско село на тема: „Трговија со деца, видови, ризик фактори, начини на заштита“ учествуваа 25 лица (24ж и 1м) на 07.12.2021 година.<br>• Едукативна сесија за трговија со деца за учесници во Тимот за заштита на децата од секаков вид злоупотреба, во **СОС Детско село** е одржана на 24.12.2021 година на тема: „Индикатори за прелиминарна идентификација на деца, потенцијални жртви на трговија со луѓе“ на која учествуваа 16 учесници (9ж и 7м). |
| **Црвениот крст на РСМ** | • Преку општинските организации на Црвениот крст организирани се 62 превентивни работилници со кои беа опфатени вкупно 1.447 лица. |

| | |
|---|---|
| **Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** | • Спроведе прва мултидисциплинарна обука „Постапување на надлежните органи во случај на сомнеж за потенцијална жртва на трговија со луѓе и деца“ во соработка со МВР, МТСП/НМУ, ЈО и „Отворена Порта.“ На обуката учествуваа 25 лица (10 м 15 ж) полицајци/ки, обвинители/ки, судии/ки, претставници на здруженија на граѓани и од Центарот за обука на МВР како и социјални работници (2022 година). |
| **Националниот известувач за трговија со луѓе и илегална миграција** | • Извештај „Предизвиците и ефикасноста на надлежните институции во Северна Македонија во процесот на превенција идентификација и спроведување на заштита на жртви на трговија со луѓе во тек на 2021 година.“<br>• Анализа „Предизвици во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на Трговија со луѓе/деца во Северна Македонија.“ (2022 година). |



Во Стратегиска цел 2.2 **Јакнење на капацитетите на Центрите за сместување на жртвите за трговија со луѓе,** планирано е изготвување/ажурирање на наставни програми-модули за обука на персоналот вклучен во Центар за лица жртви на ТЛ (ЦЛЖТЛ) и за Прифатниот центар за странци (ПЦС). Оваа активност не е реализирана во целост, иако ,,**Отворена порта’’** со поддршка на ГИЗ (мај 2023 година) има подготвено интерни упатства и одржа обука на персоналот, на ЗГ „Отворена порта“ вклучени во спроведување на активностите во ЦЛЖТЛ за постапување со силно трауматизирани деца-жртви на трговија со луѓе.

**Се препорачува оваа активност да се има во предвид во следниот Оперативен план за имплементација**.

Во делот **Усогласување на регулативата /ревидирање на документи и програми** од 3 планирани активности, реализирана е

[28] https://kazistop.mk/wp-content/uploads/2021/04/MZMP-Priracnik-za-sezonski-rabotnici-vnatre-korici-za-web.pdf

[29] http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%be%d1%80%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%ba%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%b1%d0%b0/?fbclid=IwAR2rSb6VHYuBRee_90WKOS3iq9Xv7XpCv_GY4GEnsq6A8Emhs0WM6KigwIY

[30] Тираж: 200 копии на македонски јазик и 100 копии на албански јазик.

[31] Брошурите се подготвени на македонски јазик и преведени на албански, арапски, фарси и пашто / тираж: 500 (100 копии од секој јазик) материјалите се дизајнирани и во фаза на финално одобрување пред печатење по што ќе бидат дистрибуирани.

[32] Учесници: социјални работници и психолози од ЈУМЦСР-а, социјални работници од Центарот за заштита на жртви на трговија со луѓе, полициски службеници од Граничната полиција и полициски станици од сите региони и здруженија на граѓани.

[33] Спроведени во рамки на проектот “Подобрување на сервисите и подигнување на свеста за борба против трговијата со луѓе на Балканот, Албанија, Северна Македонија, Црна Гора и Косово“, финансиран од САД, преку Ј/ TiP програма.

само една, односно, направено е Ревидирање и спроведување на постојните програми за превенција од ТЛ/ТД во основното и средното образование, од страна на Бирото за развој на образованието. Степенот на реализација на овој дел е 33%. Нереализираните активности се во надлежност на Министерството за правда. Менувањето на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка е долга процедура која е во тек, и има работни групи кои работат на нивна измена. Кривичниот законик имаше измени и дополни само во насока на усогласување со Истанбулската конвенција.

**Потребно е нереализираните активности да се планираат и бидат вклучени во наредниот Оперативен план.**

Ако се земе во предвид потребата од континуирани обуки и потребата за вклучување на што поголем број на учесници во истите, може да се заклучи дека оваа стратешка цел има високо ниво на реализација. Сепак, треба да се истакне дека сите податоци кои се споделуваат (Извештаи на Н. Комисија) не се разделени по пол и дека нема конкретни индикатори кои би укажале на интегрирање на родовиот концепт во сите активности.

Во иднина може да се размислува **при креирање на активностите и секако при известување, да се има најмалку еден родово-сензитивен индикатор.**

За одбележување е што во референтниот период, УНОДЦ, УНХЦР, Македонско здружение на млади правници (МЗМП) и Црвен крст на Северна Македонија, не се членови на Подгрупата за БПТД, но се членови на Секретаријатот на Н. Комисија, и реализирале одредени активности во чии фокус е трговијата со деца, од кои причини се презентирани во извештајот.

Во рамки на стратешката цел **„Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција“** во **2021 и 2022 година** спроведени се повеќе активности кои имаат регионален карактер:

Имено, во рамки на оваа стратешка цел спроведени се активности кои имаат регионален карактер, а кои **не беа предвидени** во Оперативниот план како што се:

| Регионални активности за јакнење на капацитетите | |
|---|---|
| **Назив на проект/ Спроведувач** | Индикатор/ резултат/ период |
| **Превенција и Справување во борбата против трговијата со луѓе во Западен Балкан -**<br><br>**ЕУ и Совет на Европа „Хоризонтален инструмент II"** | • Регионална конференција на тема „Здружено дејствување во Западен Балкан за заштита на децата од трговија со луѓе и експлоатација" со повеќе од 130 учесници од Северна Македонија, БиХ и Србија (2021 година).<br><br>Цел: Подобрена соработка во регионот за превенција и борба против ТД. |
| **Канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** | • Спроведе 3 регионални мултидисциплинарни експертски состаноци со фокус на деца (од април до јуни 2021 година) на теми:<br>– 13-14 април 2021 година „Трговија со луѓе заради трудова експлоатација, особено на деца во Југоисточна Европа."<br>– 11-12 мај 2021 година „Трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација, посебно со жени и деца, преку адресирање на побарувачката во Југоисточна Европа'' на онлајн платформа КУДО.<br>– 6-7 јули 2021 година, „Адресирање на трговија со деца со цел извршување на кривични дела во Југоисточна Европа."<br>– Анализа на случаи на трговија со луѓе и деца: „Предизвици за ефективно гонење и санкционирање на сторителите" (2022 година). |
| **Регионален Проект на ГИЗ** | • „Подигнување на јавната свест," преку онлајн работилница за регионална размена на презентации и кампањи на тема сексуална експлоатација на жени и девојчиња и сајбер трговија со луѓе (20.06.2022 година и 22.06.2022 година); |
| **ЗГ „Отворена Порта"** | • Изготвен е прирачник за младински работници за превенција од трговија со луѓе во септември 2021 година;<br>• „Отворена Порта" во соработка со Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал спроведе регионално истражување за проценка на комерцијалната сексуална експлоатација на деца и одговорите за заштитата на децата во Западен Балкан[34] „Искористени пред нашите очи." Истражувањето е публикувано во мај 2021 година.<br>• Меѓународна обуката „Ве оспособуваме за спречување на трговија со млади" во Малта (21-29 јуни 2022 година). Обуката обедини повеќе од 40 млади луѓе од Северна Македонија, Малта, Канада и Романија.<br>• Првата фаза од проектот „Акција за хуманост," во рамките на програмата Еразмус + поддржан од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност од 03 до 11 октомври 2022 година на која учествуваа 21 млади работници од Грција, Германија, Турција и Северна Македонија. Обуката имаше за цел да ги зголеми вештините и знаењата на младинските работници |

| | |
|---|---|
| | за подигање на свеста и спречување на трговијата со луѓе и илегалната миграција.<br>Во август и ноември 2022 година, Здружението „Отворена порта“ и „Terre des hommes - Косово“ организираа и реализираа две меѓу гранични средби на Северна Македонија и Косово за зајакнување на транснационалната соработка помеѓу земјите за идентификација и помош на жртвите на трговија со луѓе, со фокус на децата, преку примена на унифицирани стандардни оперативни процедури (УСОП). На средбите учествуваа 26 претставници ( 14ж и 12м) од институции задолжени за идентификација и заштита на жртви на трговија со луѓе особено деца. |
| **Македонско здружение на млади правници (МЗМП)** | • Македонското здружение на млади правници спроведоа 2 обуки за обучувачи во Р. Србија за претставници од државните институции од регионот (МВР, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ЈО за ГОКК), Гранична полиција, здруженија на граѓани), во организација на Балканскиот совет за бегалци и миграции (каде МЗМП е членка) во рамки на регионалниот проект „Безбедност на човекот и границите-Борба против криумчарење мигранти на Западен Балкан.“ Првата обука се одржа на 15-17 Јуни 2021 година, учествуваа 4 претставници (1 м и 3 ж). Втората обука се одржа на 18-20 Октомври 2021 година и учествуваа тројца претставници (1 м и 2 ж). |

**За остврување на стратешката цел „Подигање на јавната свест и едукација“ спроведенеи се следните активности:**

За реализација на оваа стратешка цел предвидени во Оперативниот план се 16 активности. Генерално, оваа стратешка цел има висока реализација, иако не може прецизно да се одреди поради групирање на одредени активности, особено кампањите кои имаат национален карактер и се координирани од Националната комисија. Подгрупата се приклучувше на сите промотивни настани за подигање на јавната свест и сите членови даваа активна поддршка на кампањите.

Од особено значење е да се истакне важноста на континуираното одбележување на меѓународните денови за борба против трговија со луѓе и деца, кога активностите имаа поголем интензитет и поголема медиумска покриеност.

**Значајна препорака е во наредниот Оперативен план Подгрупата да предвиди и спроведе кампања за подигање на свеста за трговијата со деца на која би била носител, и која би била насочена кон новите форми на регрутирање на децата и ТД.**



[34] https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2021/05/Web-PDF-CSEC-Report-Exploited-in-Plain-Sight-Macedonian-final.pdf




| Спроведени активности за подигање на јавната свест | |
|---|---|
| **Одбележување на „30 ти јули – Светски ден за борба против трговија со луѓе“** | Северна Македонија во **2021** година се приклучи кон кампањата на Обединетите нации „Сино Срце“ преку која се обезбедуваат средства од Доброволниот фонд на ОН за жртви на трговија со луѓе, особено жени и деца, кој беше воспоставен во август 2010 година. За таа цел, Н**.** Комисија организираше состанок при што официјално се дадоа изјави за приклучување на Северна Македонија во кампањата на ОН „Сино срце.“<br>ИОМ организираше средба на која се реактивираа петте Мобилни тимови за идентификација на ранливи категории граѓани вклучително и жртви на трговија со луѓе/ деца (2021*г*).<br>**„Отворена порта**“ ги промовираше правата и потребите на тргуваните лица со пораката ,,Слушни го гласот на тргуваните лица“ ( 2021 *година)*. |
| **ЗГ „Отворена Порта“** | • Спроведе 9 онлајн едукативни работилници во насока на зголемување на свеста кај децата, за опасностите од трговија со луѓе во кои учествуваа 112 млади (89 девојчиња и 23 момчиња) од средните училишта. Целта беше младите да се запознаат со проблемот на трговија со луѓе/деца, да се информираат како можат да се заштитат и каде можат да побратат помош**“ (**2021 *година***)**.<br>• Се приклучи кон кампањата на UNODC под мотото „Користење и злоупотреба на технологијата„(**Use and Abuse of Technology).** Подготвени се сет материјали за социјалните медиуми со цел да ја подигнат свеста за трговија со луѓе во сајбер просторот. Онлајн ресурсите можат да станат стапица, особено кога станува збор за лажни аранжмани за патување, лажни понуди за работа или бракови, насочени кон ранливите групи (2022 *година*).<br>• Во соработка со ромските граѓански здруженија од Северна Македонија, спроведени се 8 работилници на тема „Превенција од трговија со луѓе/деца со акцент на питачење, насочени кон зголемување на свеста на децата на улица, за опасностите од трговијата со луѓе“ во Скопје, Прилеп и Делчево, на која |

| | |
|---|---|
| | учествуваа 150 деца (103 девојчиња и 21 момчиња) и нивните родители. Учесниците добија едукативни материјали и се информираа за СОС линијата за помош од трговија со луѓе/деца и услугите кои им се достапни. Работилниците го подобрија знаењето на ромската популација за негативните ефекти од питачењето, детскиот труд и опасностите од трговијата со луѓе и во исто време им овозможија да донесат информирани одлуки за иднината на нивните деца и да направат позитивни промени.[35]<br>• Континуирано 24/7 функционира СОС линијата за помош од трговија со луѓе/деца, во текот на 2021 *година* регистрирани се вкупно 403 ( 178 м и 225 ж) јавувања на СОС линијата на „Отворена порта“, во 2022 *година* вкупно 422 јавувања (203 м и 219 ж).<br>• Организирани се две информативни сесии со студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, со 30 учесници - (18ж и 12м и во 2021 и 2022 *година*).<br>• Спроведени се 9 превентивни работилници за градење лидерски вештини, самодоверба и подигање на свеста за правата на девојчиња особено од Р*омска етничка припадност со цел превенција од рани детски бракови и заштита од трговија со луѓе* и тоа:<br>• 3 работилници за негативните ефекти од детскиот брак на кои присуствуваа 67 учесници (52ж и 15м) од маргинализираните групи во трите заедници.<br>• 3 работилници за градење лидерски вештини и поттикнување на позитивен пример од социјален живот во кои учествуваа 48 лица (37 ж и 11 м).<br>• 3 работилници за превенција од трговија со луѓе/деца и начини за заштита на кои учествуваа 53 (41ж и 12м во период од јули 2022 – февруари 2023 *година*). |
| **МЗМП** | • Спроведе кампања наменета за децата со попреченост, нивни родители и учители. Изработени се две промотивни видеа за подигнување на свеста на општата јавност за трговија со луѓе помеѓу децата со попреченост (14.599 прегледи а 125 лица учествуваа во 10 едукативни сесии) со **грант на проектот против ТЛ на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент II**. |
| **„Лулуди“** | • Кампањата против трговија со деца на социјални мрежи - импресии 781.584, прегледи 553.840, споделување 560 likes, 881 прегледи на видеата 79.735 со **грант на проектот против ТЛ на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент II**. |
| **Црвениот крст на РСМ** | • *Се вклучи во одбележување на Европскиот ден со организирање на* 22 работилници за превенција со млади од основни и средни училишта, со волонтери од Клубови на млади на Црвениот крст. Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Со работилниците беа опфатени над 660 лица, од кои половина момчиња половина девојчиња. |

| | |
|---|---|
| **Во континуитет се одбележува „18 Октомври -Европски ден за борба против трговија со луѓе.** | • Во **2021 година Националната Комисија** со поддршка на ГИЗ, одржа онлајн информативна сесија за одбележување на јубилејни 20 години против трговија со луѓе/деца.<br>• **Проектот на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент II** организираше панел дискусија за проактивна идентификација и упатување на жртви на трговијата со деца во соработка со Бирото за развој на образованието и здруженија на граѓани. Воедно подготвени беа и се промовираа информативните и едукативните материјали за превенција и борба против трговијата со деца, вклучително и Прирачникот за наставници и стручни соработници за превенција и борба против трговијата со деца.<br>• „Отворена Порта" го одбележа 18ти Октомври **2021** со испраќање на ИЗЈАВА напишана од штитеничка која е испратена до сите релевантни институции и лица **„За лутина и гнев е многу пр**екраток животот. Цел мој живот Ви го посветувам." Дополнително, во соработка со „Види Вака,"  се подготви и објави видео на тема трговија со луѓе/деца.<br>• ***Црвениот крст на Северна Македонија*** *во 2021 година се вклучи преку организирање превентивни активности за врсничка едукација на младата популација, со цел подигање на свеста на младите, за препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговија со луѓе и нивна самозаштита. Беа организирани вкупно 23 превентивни работилници со кои беа опфатени вкупно 450 ученици од основни и средни училишта*.<br>• Здружението „За среќно детство" се вклучи во одбележување на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе 18 октомври, со организирање на две обуки за превенција од трговија со луѓе/деца со студентите од прва година од 4 институтa на Филозофскиот факултет. На обуките учествуваа 52 студенти.<br>• Во **2022** *година,* Националната Комисија во соработка со Секторот за превенција Скопје и Здружението **„Отворена Порта**", поддржани од проектот против ТЛ на ЕУ и Совет на Европа ја поддржи кампањата на **Националната комисија** за подигање на свеста кај децата за опасности од интернет и злоупотреби при ТД. Се *одбележа* **18 Октомври** со организирање кампања и работилница наменета за подигнување на свеста за трговија со деца во училиштата. Презентацијата се одржа во О.У. „Димитар Миладинов" во Скопје, водејќи се од кампањата на УНОДЦ.<br>• **Проектот против ТЛ на ЕУ и Совет на Европа** во соработка со МТСП во Скопје, организираше обука за превенција на трговија со деца, инклузија и заштита за претставници на Центрите за поддршка на згрижувачки семејства која ја посвети на одбележување на Европскиот ден за борба против трговија со луѓе. Учество земаа 24 стручни лица од СОС Детско село и од ЦСР - одделот за старателство (18 ж  и 6 м). |

| | |
|---|---|
| **За време на „Недела за борба против трговија со луѓе“ во декември континуирано се спроведуваат активности од сите вклучени актери.** | • Здружението **„Отворена порта“** спроведе социјална кампања - преку лични животни приказни (раскажување приказни) со слоган: „ДЕЦАТА СЕ ЗА САКАЊЕ НЕ ЗА ПРОДАВАЊЕ“. Дополнително, беше креирано видео на македонски и англиски јазик, кое беше промовирано на социјалните мрежи и презентирано на јавна панел-дискусија. Кампањата имаше за цел да ја зајакне свеста на јавноста и институциите за изложеноста особено на децата Роми на експлоатација, нивните супстандардни услови за живот и нивниот живот како питачи, како и ризиците од раните присилни детски бракови (септември- декември 2022 *година*). |
| **ЗГ„Отворена Порта“** | • Кампања: Балкан делувај сега! која содржи постери, мобилна апликација и медиумски алатки преку кои се делува на превенција од трговија со луѓе/деца. Постерите беа поделени во средните образовни институции а мобилната апликација беше презентирана преку организирани превентивни лекции (2021 *година*). |
| **Проектот против ТЛ на ЕУ и Совет на Европа** | • Подигање на свесност - 6 видеа и 7 пишани стории објавена во медиуми на тема трговија со деца за сексуална експлоатација, присилен брак, питачење со цел подигање на свесност на општата јавност за ТД. |

**Стратегиска област 4: Директна помош, заштита, интеграција и доброволно враќање на ЖТЛ/мигранти**

- 4.1 Обезбедување целосна заштита, директна помош за реинтеграција и доброволно враќање на ЖТЛ/мигранти во согласност со меѓународните стандарди.

Како специфична активност во оваа цел предвидено е обезбедување стандарден пакет на услуги за основните потреби, правна, здравствена помош, психосоцијална помош и вклучување деца во образовниот процес. Реализацијата е предвидена од „Отворена порта“ со поддршка од ГИЗ со индикатори кои се конкретно поврзани со обезбедена помош и поддршка на идентификувани деца жртви на трговија со луѓе.

Во Центарот за жртви на трговија со луѓе, помошта и поддршката е обезбедена од ЗГ„Отворена порта“ која согласно Законот за социјална заштита се лиценцирани даватели на социјалната услугата, и обезбеден привремен престој за 6 корисници. Согласно лиценцата имаат склучено Управен договор со Министерството за труд и социјална политика која ја финансира оваа услуга согласно Одлуката за цена на чинење по корисник и износот се корегира секоја година, односно за 2022 година изнесува 27.694.0 денари месечно по корисник, додека за 2023 година изнесува 31.994.00 денари без режиски трошоци. Режиските трошоци Министерството за труд и социјална политика ги плаќа директно на економските оператори.

[35] Проектот „Посегнување по децата на улица“ финансиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Услуги за деца во Центар за лица жртви на трговија со луѓе:**

| 2021 година | 2022 година |
|---|---|
| сместени се вкупно 4 девојчиња сите на возраст од 14 години, домашни државјанки. | сместени се вкупно 9 штитенички, 6 нови и 3 од претходни години. Девојчињата се на возраст од 8 до 17 години и една странска државјанка. |
| овозможена е хуманитарна помош (облека, храна, хигиенски средства), психо-социјални советувања, медицински прегледи (гинеколошки, стоматолошки, лабораториски, интернистички и психијатриски услуги). | овозможена е хуманитарна помош (облека, храна, хигиенски средства), психо-социјални советувања, медицински прегледи (гинеколошки, стоматолошки, лабораториски, интернистички, и психијатриски услуги). |
| една штитеничка го започна процесот на образование во А.С. Макаренко – основно училиште за возрасни, затоа што старосната граница ја надминува посетата во редовно училиште. Две од штитеничките го продолжија прекинатиот образовен процес во редовна наставна програма, а една е вклучена во алтернативно образование- обука. | Три штитенички го започнаа процесот на образование кој предходно го немаа започнато во А.С Макаренко – основно училиште за возрасни. Две од штитеничките го продолжија прекинатиот образовен процес во редовна наставна програма, а една штитеничка се запиша во средно училиште. 4 од нив посетуваа обука за нега на тело и лице, за што добија сертификати признати од МОН. Започната е подготовка за реинтеграција за 8 деца. |

*Во тековната 2023 година во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе сместени се вкупно 11 штитенички/девојчиња, од кои 5 нови и 6 од претходни години, од кои една странска државјанка. Сите добиваат ист пакет на услуги, психо-социјална и здравствена помош. Во однос на образованието:*

*четири го продолжија процесот на образование кој воопшто го немаа започнато во А.С Макаренко – основно училиште за возрасни затоа што старосната граница надминува посета во редовно училиште, една од штитеничките го продолжила прекинатиот образовен процес во редовна настава, а една штитеничка го продолжила образованието во средно училиште, 6 од нив посетувале обука за изработка на предмети од филигран со срма за што добиле сертификати.*

**Во однос на сместувачките капацитети, треба да се потенцира веќе констатираната потреба од зголемување на сместувачки капацитети и вклучување на локалната самоуправа во поддршка при реинтеграциски процеси на жртвите особено деца.**

## 4. РИЗИК ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПОЈАВАТА НА ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

Деца изложени на ризик се дефинираат како деца кои немаат заштита и грижа од возрасни лица и чии основни потреби (храна, вода, облека, засолниште, лекови, итн.) не им се обезбедени. Како резултат на ова, се случуваат физички, емотивни, социјални, или ментални проблеми, и тогаш тие се ранливи и изложени на ризик да бидат експлоатирани од страна на криминални мрежи за цели на трговија со деца, но, и од страна на своите родители или пошироките семејства.

За потребите на овој Извештај, во насока на детектирање на ризик факторите кои влијаат на појава на трговија со деца, направена е анализа на полуструктуриран анкетен прашалник, кој го пополнија членовите на Подгрупата.[36]

Прашалникот е дизајниран да овозможи добивање квалитативни податоци согласно ставовите и мислењата на членовите на Подгрупата, за утврдување на ризик факторите кои влијаат на појавата на трговија со деца.

По обработка на резултатите и анализа на одговорите може да се констатира дека членовите на Подгрупата дадоа опсежни, конкретни информации, предлози и може да се видат усогласени размислувања во однос на дадените препораки кои треба да се преточат во следни планирани акции и конкретни мерки на делување што ќе придонесат за соодветен одговор, ефективното и ефикасно превентивно делување и заштита на децата од сите видови на експлоатација.



---

[36] Анекс 4 Полуструктуриран анкетен прашалник.

**Членовите на Подгрупата, како најчести фактори кои влијаат на појавата на трговија со деца ги детектираат: сиромаштијата, исклученост од образовниот процес, дисфункционалност на семејствата, присуство на насилство и злоупотреба, миграциите, лесна достапност до различни содржини и контакти на интернет, недостаток на свесност и разни форми на дискриминација, вклучително родова, етничка или образовна**.



Имено сиромаштијата има големо влијание на појава на трговија со деца. Децата кои живеат во сиромаштија, без родители и родителска грижа, или во услови на семејно насилство, на маргините на општеството, се подложни на ризик од трговија со деца. На овие деца често не им се задоволени основни потреби и можат да станат жртви на експлоатација од страна на трговците. Како пример се наведува сиромаштијата и исклученоста на дел од децата од ромската етничка заедница, тие често се вклучени во плановите за мигрирање на своите семејства или пак традиционално работат „од мали нозе" во неформалниот сектор, најчесто во продажба на улица/крстосница и питачење. Ова се смета како вообичаен начин на живот, како и за легитимни начини за генерирање приходи во овие заедници и генерациски се пренесува и на децата. Семејства кои живеат во сиромаштија и нехумани услови и кои не се регистрирани во системот на матична евиденција, се изложени на сите видови злоупотреби, живеат на улица, и особено се ранливи на бездомништво, принудни детски бракови, питачење, трудова и сексуална експлоатација.

Деца без родители и родителска грижа, се занемарени, запуштени или пак дел од системот за вон институционална заштита, во ранлива состојба, што ги прави да се во поголем ризик од трговија со деца и експлоатација од другите деца. Предизвици во менталното здравје, се особено присутни кај деца со историјат на семејно насилство или било каква друга злоупотреба/занемарување, примена на супстанции, историја на нетретирани проблеми со менталното здравје и сл.

Децата кои не се вклучени во образовниот систем и/или не добиваат соодветно образование, се подложни на поголем ризик. Недоволно се информирани за трговија со деца и други опасности кои ги демнат, што се надоврзува на степенот на нивната ментална зрелост, поради која не можат да ги проценат намерите на трговците и да се самозаштитат.

Недостатокот на свесноста во заедницата, и кај родителите и професионалците, може да ги остави децата незаштитени. Особено под ризик се деца кои потекнуваат од изолирани односно маргинализирани групи, кои се подложни на разни форми на дискриминација по различни основи, вклучително родова, етничка,

образовна или попреченост. Опасноста демне и од неконтролирано користење на социјалните мрежи, недоволна контрола од родителите/ старателите за слободните активности на децата, друштвото во кое се движат, сајтови кои посетуваат и сл.

**Може да се констатира дека дисфункционалното семејство во комбинација со социо-економските фактори, преставува клучен ризик фактор за трговија со деца.**

**Воедно, потребно е да продолжи трендот на креирање политики и спроведување на мерки кои влијаат на намалување на детската сиромаштија.**

**На прашањето „Кои се најчестите начини за регрутирање на децата-жртви на трговија со деца" членовите на Подгрупата истакна дека трговците со луѓе ја користат нивната ранливост и поконкретно наведоа:**

• **Измама** - трговците користат социјални медиуми и онлајн платформи да рекламираат и регрутираат деца, користејќи ги нивните недоволни дигитални вештини и непознавање на опасностите од он-лајн измами, ова вклучува лажни ветувања, привлечни огласи и контакт преку онлајн пораки.

• Преку **лажни ветувања** за подобро и полесно живеење, вклучувајќи и договорени и принудни бракови, преку нивните родители/семејства кои се наоѓаат во тешка економска состојба или пак традиција.

• Искористување на **семејните врски и принуда**, подразбира трговците да ја користат близината на децата со членовите на нивните семејства или други познати лица за да ги регрутираат, користејќи при тоа и принуда. Тие исто така, користеле и **физичко насилство**.

• Нудење на **лажни и небезбедни понуди за работа**, или **метод љубовник,** лажни понуди за љубовна врска и/или **склучување на лажни/детски бракови**, кои најчесто водат до сексуална експлоатација, користење на несвесноста на децата/ нивните семејства, за ризиците од трговија со деца, како и нивната наивност и ранливост.



**Во однос на модус операнди, трговијата со деца еволуира или се менува со текот на времето. Социјалните и технолошките промени влијаат на начините на кои трговците работат и регрутираат деца. Членовите на Подгрупата истакнаа дека има промени, и тие се однесуваат на новите технологии и интернетот кои им овозможува на трговците да оперираат онлајн, што резултира со нови форми на трговија со деца, вклучувајќи и онлајн сексуално**

**искористување, не само во нашата земја, туку и во други држави од страна на меѓународно организирани криминални групи и онлајн предатори.**

**Превенцијата како една од најважните алки во справувањето со трговијата со деца, беше препознаена од членовите на Подгрупата и за неа потребни се координирани заеднички акции.** Потребно е да се направат стратегии кои во фокусот ќе ја ставаат безбедноста и заштита на децата преку информирање и подкревање на свеста за ризиците од трговија со деца, зајакнување на системот за социјална заштита и намалување на ризиците од сиромаштија, јакнење на образовниот систем и системот на здравствена заштита.



**Во овој контекст потребно е:**

- Доследно спроведување на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе/деца.
- Имплементација на протоколи за меѓу-секторска соработка вклучително и воспоставување канали на неформална соработка.
- Доследна примена законите и спроведување на политики кои ја криминализираат и казнуваат трговијата со деца, и политиките за детската правда, социјална заштита и образование.
- Спроведување на кампањи и програми за подигнување на свесноста кај децата, родителите, професионалците и општеството во целост, може да придонесат во превенцијата од трговијата со деца. Особено важно е да се образуваат децата за своите права и да се научат како да ги препознаат, да се самозаштита и каде да ја пријават злоупотребата.
- Зајакнување на севкупниот систем за заштита и поддршка на децата жртви со зголемување на капацитетите на Центарот на лица жртви на ТЛ, згрижувачките семејства и јакнење на програмите за интеграција.
- Спроведување на едукативни програми за деца на училишна возраст насочени кон превенција од трговија со луѓе/деца, кои ќе ги вклучуваат и децата од најмала возраст. Програмите да бидат приспособени на возраста на децата, со информативно-едукативни материјали поставени на видни места во училиштата. Во подготовката и дистрибуцијата на едукативните материјали, активно да бидат вклучени и родителите.
- Да се воспостави официјален механизам на следење, известување, работа, поддршка и упатување на ранливите групи деца, со цел превенција и рана идентификација на децата жртви

на трговија со луѓе. За таа цел, да се зајакне институционалната соработката меѓу училишните стручни служби и стручните соработници од Центрите за социјална работа. Да се спроведат специјализирани обуки за превенција од трговија со деца за воспитувачките и неговотелките во предучилишните установи, стручните соработници во училишните стручни служби, наставниците, професорите и стручни соработници од Центри за социјална работа, насочени кон препознавање на феноменот и зајакнување на соработката меѓу институциите. Во локалните заедници, во општините и под нивна директна надлежност, да се отворат центри за поддршка на родители и деца, во соработка со Центрите за социјална работа, образовните институции и граѓанските здруженија. Во центрите да се нудат советувања, едукација и психосоцијална поддршка за проблемите со кои се соочуваат децата и нивните родители.

• Градење капацитети и сензибилизирање на полициските службеници, јавните обвинители и судии.

**Заштитата на децата жртви од повторна трговија со луѓе и ревиктимизација бара сеопфатен и повеќеслоен пристап, кој опфаќа правни, психолошки, едукативни и системски мерки за обезбедување на нивна заштита и поддршка**.

**Во оваа насока потребно е:**

• Проширување на сместувачките капацитети на постоечкото прифатилиште за жртви на ТЛ/ТД, како и обезбедување посебно прифатилиште за деца и полнолетни жртви, како и за машки деца жртви на ТД, на коишто ќе им се обезбеди потребна помош и заштита во зависност од нивните индивидуални потреби.

• Воспоставување алтернативни центри за обезбедување помош и заштита на локално ниво, како што се дневни центри, советувалишта итн.

• Навремено назначување законски застапник/адвокат на детето жртва според применливите закон, пр. Законот за бесплатна правна помош.

• Вклучување на децата-жртви на трговијата со луѓе во редовно образование во најкраток рок да биде приоритет за одговорните институции, особено за старателите на овие деца во целиот процес на заштита и реинтеграција.

• Обезбедување посебни мерки и програми за вработување на жртвите од 15 годишна возраст преку Агенцијата за вработување на Северна Македонија, со цел нивна успешна реинтеграција.





• Планирање и имплементирање долгорочно одржливи програми за реинтеграција на децата-жртви по напуштање на прифатилиштето на локално ниво (упатување на добивање на специјализирани услуги, менторство за целосна самостојност и вклученост).

• Обезбедување обуки на надлежните институции и локалната самоуправа кои ќе бидат вклучени во имплементирањето на програмата за реинтеграција на деца жртви од ТЛ, со обезбедување услуги, како и преку човечки и финансиски ресурси.

• Овозможување континуитет на услугите за децата жртви на трговијата со луѓе преку доделување финансиски ресурси на граѓанските здруженија од страна на државата.

• Превентивни активности за родители од семејства под ризик и децата, запознавање со ризиците од ТД и опасностите од повторно запаѓање во мрежата на трговците и начините на нивна заштита.

• Спроведување на активности за намалување на бројот на децата питачи или жртви на трудова експлоатација на улиците.

**Имајќи во предвид новите начини на регрутација, членовите на Подгрупата дадоа конкретни предлози за заштита на децата од он-лајн злоупотреба:**

• Креирање на сеопфатна и **ефективна правна рамка за заштита на децата** од онлајн експлоатацијата, трговија со деца во сите нејзини форми од насилство, сексуална експлоатација и злоупотреба.

• Државните образовни институции треба меѓусебно тесно да соработуваат и да ги користат капацитетите и ресурсите развиени од нивна страна, вклучително и од организациите на граѓанското општество.

• Развивање протоколи за постапување во училиштата во случаи на он-лајн вознемирување и експлоатација на децата.

• Воспоставување на контрола на содржините на интернетот со прописи и ефикасен начин на пријава на злоупотребата.

• Развивање протоколи за меѓуинституционална координација и соработка ante festum (заеднички превентивни активности) и post festum (пријавување и известување за откриен случај, давање помош и поддршка, соработка заради откривање и разјаснување на случајот).

• Вклучување на дигиталната писменост во националните наставни програми за образование и развивање наставни програми и содржини со образовни ресурси/ материјали за работа со ученици.

• Промовирање поголемо детско учество при развојот на институционални одговори и решенија за предизвиците на безбедноста на децата на интернет. Засилување на напорите за системско вклучување на децата и на младите во развојот и креирањето алатки, софтвери или други интервенции за подобрување на нивната онлајн безбедност.

• Поттикнување на родителите за поголема вклученост и контрола на начинот на користење на интернетот од страна на нивните деца. Запознавање на родителите со начинот на користење на социјалните мрежи и ограничување на користење на интернет во текот на денот на децата. Создавање на доверба кај децата да зборуваат за контактите воспоставени он-лајн и барање совет од родителите, при првите сомнежи од некој воспоставен контакт.

• Организирање превентивни едукативни кампањи за наставници, родители и ученици за опасностите на интернетот и за начините на пријавување во случај на он-лајн вознемирување или на друг тип експлоатација. Запознавање на децата со опасностите при користење на социјалните мрежи, од ризици, од он-лајн воспоставени контакти, особено при размена на интимни информации, фотографии, тајни, лични и семејни податоци, особено од измама и опасност да станат жртви на ТД.

## 5.ТРЕНДОВИ И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА



Состојбата со трговија со луѓе/трговија со деца, изминатите години во голема мера е видоизменета во поглед на демографската структура на жртвите на ТЛ/ТД, и во Модус операнди на криминалните групи.

Во Северна Македонија доминира внатрешна трговија во рамки на државата, која се манифестира со регрутирање на жртви од скопскиот, северно-источниот и југо-источниот дел на државата кои се експлоатираат во скопскиот, пелагонискиот и вардарскиот дел, најчесто со цел сексуална и трудова експлоатација.

Кога станува збор за надворешна трговија, истата се манифестира преку регрутирање на жртви најчесто од Западен Балкан. Експлоатацијата се врши во угостителски објекти или објекти обезбедени од страна на трговците, со цел стекнување на профит на штета на жртвите, особено децата, како и во случаите на присилни бракови.

Трендовите на трговија со деца произлегуваат од статистиките кои се користени од Извештаите на Н. Комисија и објавени на нејзината веб страна. Следејќи ги, може да заклучиме дека, од 2010 до 2020 година, доминира бројот на откриени деца жртви, во однос на возрасните и дека е повисок бројот на девојчиња жртви, за разлика од момчиња жртви, а овој тренд продолжува и во референтниот период.

Најзастапени видови на експлоатација се: сексуалната експлоатација, појавата на присилни бракови која останува континуирано присутна, трудова експлоатација и не ретко трудова експлоатација комбинирана со сексуалната експлоатација кај девојчињата.

Некои аспекти на кривични дела во дигитален контекст подразбираат нови начини (онлајн регрутирање) врбување на претпоставени деца жртви на ТЛ, кои се присутни во светски рамки, бидејќи младите најчесто имаат комуникација преку интернет, односно социјални мрежи и апликации за “паметни“ телефони. Од друга страна „сторителите“ користат лажни профили и фотографии од „други лица,“ со цел врбување, намамување и нивно привлекување, заради злоупотреба.

**Дигитализацијата, на компјутерските мрежи и интернетот, претставуваат неограничен извор на информации, кои ги злоупотребуваат, за порнографија и педофилија лица кои се занимаваат со трговија со луѓе, перење пари и компјутерски криминал, кои се нови видови на организираниот криминал.**

Склучување договорени присилни бракови се присутни во одредени заедници каде владее обичајното право, најчесто во ромските етнички заедници. Во Северна Македонија, во 2008 го-

дина детектиран е прв случај на присилен детски брак. Сторителите преку „посредници - регрутери“ во Северна Македонија, селектираат девојчиња, (преку роднини, пријатели или тоа го чинат и самите родители) на возраст од 14 до 16 години за „потенцијална невеста,“ и стапуваат во контакт со нејзиното семејство давајќи понуда за брак со момче што се наоѓа во земја на ЕУ, со кое девојчето (во некој случаи) комуницира преку социјалните мрежи. Се организира „свадба без младоженец“ по што легално/илегално се пренесува во земјите на дестинација (Белгија, Германија, Србија, Босна и Херцеговина) кај нарачателите, од кои се наплаќа одредена сума пари. Принудните детски бракови се проследени со континуирана сексуална злоупотреба, во комбинација со други видови на експлоатација, како питачење, домашно слугување и принудно вршење на кривични дела.

Сите деца-жртви на присилните бракови, потекнуваат од дисфункционални семејства, со низок економски статус, без образование и од ромска етничка припадност.

## 6.СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

**Трговија со дете преку он-лајн-злоупотреба**

Девојче на 9 годишна возраст почнува да контактира со пријатели на социјалните мрежи прифаќајќи и непознати лица за пријатели. Така прифатила пријателство со „девојче малку постаро од неа“ и започнале да разговараат. Зад профилот на „малку постаро девојче“ се криела возрасна личност, 50 годишен маж, како што подоцна се утврди, како и дека се работи за „лажен профил“ на трговец, кој го користел а имал и неколку други лажни машки и женски профили со фотографии од помлади лица. Во почетокот, разговорите течеле нормално, односно трговецот од девојчето собирал податоци за нејзиното семејство и блиски пријатели. Во понатамошните разговори, барал од девојчето да му испрати фотографии на кои се гледаат нејзините интимни делови од телото. По одредена интензивна комуникација започнува заплашување и уцена, дека фотографиите ќе и бидат објавени јавно, и доставени на нејзиното семејство доколку не продолжи со комуникацијата. Трговецот барал од девојчето сексуално да го задоволува преку користење различни начини кои тој и ги посочувал давајќи насоки, каде треба „да набави одредени предмети за задоволување на страстите.“ Започнал да ја присилува да се вклучи во „затворена он-лајн група“ каде се споделувале фотографии и се направело видео снимка со неа, а членовите комуницирале на Српски, Хрватски, Албански и Ромски јазик.

Сето ова траело до нејзина 12 годишна возраст, кога добила насока од член на една група да го пријави во полиција во друга држава од каде е трговецот, по што и прекинала да комуницира со него. Наредните 2 години тој се обидувал преку лажни профили да ја контактира, се јавувал телефонски и се заканувал дека ќе ги објави фотографите и видеата. Заканите ги остварил, кога на фејсбук профилот на нејзината мајка и сосетка, објавил фотографии од девојчето во долна облека. Мајката, по овој настан го пријавила случајот во полиција, по што се преземени соодветни мерки и активности од надлежни институции по што е идентификуван сторителот.



**Во 2022 година во Северна Македонија за прв пат е идентификувано девојче на возраст од 14 години како жртва на 3 годишна сексуална онлајн експлоатација**.

**Позитивно во случајот:**

• Успешно воспоставен контакт и соработка со социјалниот работник и инспекторката од МВР/организиран криминал, со стекнување на однос на доверба и успешно споделени случувањата за нејзината онлајн експлоатација.

• Дадена психосоцијална помош и поддршка на девојчето од страна на стручен тим на ЗГ „Отворена порта.“

• Дадена бесплатна правна помош од искусна адвокатка.

• Предаден предметот во обвинителство во земјата на живеење на трговецот и воспоставен контакт со правни застапници од таа земја за пристап до правда.

**Потешкотии:**

• Соочување со тешки трауматски последици кои бараат стручна психијатриска и терапевтска помош на девојчето и семејството.

• Одложено пријавување на случајот, поради касно откривање на знаците и недоверба кон институциите (мајката го пријавила случајот кога добила недолични фотографии, иако имала некои сознанија претходно!?).

• Прв случај кој потврди дека постои недостаток на знаење за обликот и спецификите на онлајн експлоатација и трговија со деца, препознавањето и постапувањето за што треба да се востанови соодветен комплетен одговор/протокол.

**Трговија со дете со цел - присилен брак**

Девојче на возраст од 13 години, живее со своето семејство, со нејзините родители и браќа и сестри продавајќи балони по улиците на градот и питачејќи, со цел да обезбедат средства за егзистенција. Мајката и таткото поголемиот дел од собраните средства ги трошеле за купување на алкохол. Родителите се запознаваат со возрасно лице од друга земја, кое често било гостин во нивната куќа и им помагало финансиски. Тој, договарал да се ожени со девојчето, за што дал извесна материјална надокнада на родителите. Подготвена „лажна“ документација за девојчето, со цел да се извади извод на родени во кое ќе биде запишано дека е на 16 годишна возраст. Девојчето го пријавило случајот на полицаец на аеродромот од каде требело заедно да патуваат со возрасниот маж, во негова матична земја, што по нејзина пријава било оневозможено. Истиот е приведен заедно со нејзините родители, а девојчето е сместено во Центар за лица жртви на трговија со луѓе.

**Позитивно во случајот:**

• Брза реакција за идентификација и спречување на трговија со дете.

• Сериозен пристап од страна на институциите кон случајот и преземање на соодветни мерки каде се почитувани сите права и најдобар интерес на детето.

• Соработка и градење на однос на доверба на девојчето со полициската инспекторка, јавниот обвинител околу споделување на нејзини поранешни случувања.

• Обезбедена психо-социјална поддршка, вклучена за првпат во образование, обезбедена потребна документација за вадење на извод од матична книга на родени, медицински услуги и вклучена во алтернативно образование (посета на обуки).

• Обезбедена поддршка од стручни лица од Центарот за лица жртви на трговија со луѓе во текот на судската постапка и психијатриските вештачења.

• Применети посебни мерки за процесна заштита, снимање на изјавата во одвоена просторија на јазик разбирлив за девојчето.



**Потешкотии:**

• Подолго време се чекаше, за назначување на времен старател од страна на надлежен ЦСР, поради недоразбирање кој Центар за социјална работа е место надлежен.

## 7. Заклучоци и препораки:

• Потребно е континуирано и систематски следење на спроведувањето на обврските/препораките и стандардите од меѓународните документи од сите надлежни институции.

• Покрај постоење на добрата законска регулатива и развиена мрежа на институции, потребно е зголемување на ресурсите за постапување, воспоставување на мобилни тимови и во др. градови и зголемување на капацитетите на Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.

• Потребно е по усвојување на новите СОП, да се спроведат дополнителни обуки за нивна примена од сите одговорни лица / вклучени чинители, со практична примена на формуларот за идентификација (задолжително).

• Во обуките да се посветува посебно внимание на индикаторите и на нивното препознавање од страна на одговорните лица за идентификација и оваа добра пракса треба да продолжи континуирано, имајќи ги во предвид новите модус операнди и новите индикатори од новите видови на ТД кои би можеле да упатат на трговија со деца.

• Потребно е ревидирање на Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на децата жртви на трговија луѓе со планирање на финансиски средства за нејзина примена од страна на Институциите, граѓанските здруженија и локалните заедници.

• Потребно е доследно спроведување на препораките од Националниот известувач, дадени до сите надлежни институции и систематско следење на степенот на нивната реализација.

• Да се ревидира мандатот, деловникот, структурата на Подгрупата и ресурсите со цел нејзино поефикасно функционирање по потреба.

• Потребно е нереализираните активности од НАП за БПТЛ да бидат вклучени во наредниот Оперативен план во кои ќе има конкретни индикатори кои би укажале на интегрирање на родовиот концепт во сите активности.

• Сите податоци кои се однесуваат на учесниците во обуки, настани и слично, да бидат разделени по пол и да се мери знаењето пред и по обука.

• Подгрупата да биде носител на кампања за подигање на свеста за трговијата со деца, која би била насочена кон новите форми на регрутирање на децата.

**• Воспоставување на Комисија за доделување на надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд согласно Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство.**

**• Потребно е да се даде особено внимание на развој на социјална услуга сместување во специјализирано семејство.**

**• Интегрирање на препораките дадени од членовите на Подгрупата во Оперативниот план за периодот 2023-2025 година.**

## ◆ АНЕКСИ:

**Анекс 1 Листа на извори користени во теоретското истражување:**

- Конвенција на Советот на Европа за активности против трговијата со луѓе,[37]
- Кривичен законик,[38]
- Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со Националниот акциски план 2021-2025 година,[39]
- Конвенција за правата на детето,[40]
- Извештај за трет круг на евалуација на Северна Македонија, пристап до правда и ефективни правни лекови за жртвите на трговија со луѓе, ГРЕТА(2023)02, објавено на 24 март 2023 година.
- Годишен извештај на НК за БПТЛИМ за 2021 година,[41]
- Годишен извештај на НК за БПТЛИМ за 2022 година,[42]
- Извештај на Националниот известувач „Предизвиците и ефикасноста на надлежните институции во СМ во процесот на превенција идентификација и спроведување на заштита на жртви на трговија со луѓе во тек на 2021 година."
- Извештај на Националниот известувач Анализа „Предизвици во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на Трговија со луѓе во Северна Македонија" јули 2022 година.

Истражување Онлајн експлотација и трговија со деца – Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта Ла страда" lastrada@lastrada.org.mk



[37] Службен весник, бр. 49/2009

[38] Службен весник, бр. 248/2018

[39] Nacionalnakomisija.gov.mk

[40] https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-the-child

[41] Nacionalnakomisija.gov.mk

[42] Nacionalnakomisija.gov.mk

## Анекс 2: Трговија со дете Член 418-г

(1) Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од дете за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(4) Корисникот на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години, ќе секазни со затвор најмалку12 години.

(5) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(7) Согласноста на детето со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

„(8) Нема да се казни дете – жртва на трговија со луѓе во случаите во кои законот предвидува казнување НА дете, кога сторителот на кривичното дело го принудил да стори кривично дело, ако таквото неговото постапување е непосредна последица на неговата положба на жртва."

(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(10) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

## Анекс 3: Членови на ПОДГРУПА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

| Реден број | Име и презиме | Институција Организација | Контакт тел/е-маил |
|---|---|---|---|
| 1 | Светлана Цветковска | МТСП/НМУ Претседавачка | 071379244 scvetkovska@mtsp.gov.mk |
| 2 | Биљана Лалова | МВР/ЕТЛКМ | 070242623 biljana_lalova@moi.gov.mk |
| 3 | Јулија Глигорова Трајановска | Мин.Образование | 075284346 julijagtrajanoska@bro.gov.mk |
| 4 | Јасмина Димитриева | Програмска Канцеларија на Совет на Европа во Скопје | 078349764 Jasmina.DIMITRIEVA@coe.int |
| 5 | Мила Станковиќ | ГИЗ | 072228081 mila.stankovikj @giz.de |
| 6 | Наташа Видова | ИОМ | 078867009 nvidova@iom.int |
| 7 | Елена Петреска | ИЦМПД | 075884826 Elena.Petreska@icmpd.org |
| 8 | Воислав Стојановски | ОБСЕ | voislav.stojanovski@osce.org 070359053 |
| 9 | Олимпија Марковска | УНИЦЕФ офицер за детска заштита | 072 236 717 omarkovska@unicef.org |
| 10 | Марија Тодоровска | Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта-Ла страда" | 070367635 mtodorovska@lastrada.org.mk |
| 11 | Стојне Атанасовска Димишковска | УНОДЦ Национална програмска раководителка | 070 269 252 stojna.atanasovskadimishkovska@un.org |
| 12 | Иван Трајков | ЗГ „За среќно детство" | 070567030 ivantrajkov@hotmail.com |
| 13 | Александра Ивановски | СОС „Детско село" | 071 344 521 aleksandra.ivanovski@sos.org.mk |
| 14 | Фросина Кипровска | Народен правобранител-Национален известувач за ТЛ и ИМ/набљудувач | 078232953 FKiprovska@ombudsman.mk frosinak@yahoo.com |

## Анекс 4: Полу структуриран анкетен прашалник

### Прашалник за Ризик факторите кои влијаат на појавата на трговија со деца

**Почитувани членови на Подгрупата за борба против трговија со деца,**

Имајќи во предвид дека е во тек подготовка на Извештај за спроведените активности по Оперативниот план за борба против трговија со деца, 2021-2022г во структурата на Извештајот ќе се истакнат ризик факторите кои влијаат на појавата на трговијата со деца и кои ќе ги рефлектираат ставовите и размислувањата на членовите на Подгрупата. За таа цел, Ве молиме одговорете на долу наведените прашања:

1) **Наведете најмалку три (3) фактори кои влијаат на појавата на трговија со деца:**

2) **Кои се најчестите начини за регрутирање на децата жртви на ТД:**

3) **Според Ваше мислење дали има промена во модус операнди на трговијата со деца, доколку има, Ве молиме наведете ги:**

4) **Што треба да се направи за да се превенира трговијата со деца:**

5) **Наведете како може да се заштитат децата жртви на трговија со луѓе од повторно тргување и ревиктимизација:**

6) **Кои се Вашите предлози за заштита на децата од он-лајн злоупотреба:**

**Ви благодариме!**

*Овој извештај е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа.*
*Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите).*
*Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат*
*официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.*

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од
Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и
имплементиран од
Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ